**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Првото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на**

**20.01.2009 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,27часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 43-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Садије Илјази, Лилјана Поповска, Јаготка Ивановска, Станка Анастасова, Андреј Петров, Весна Бендевска, Љубисав Иванов Ѕинго, Наташа Јаневска, Амди Бајрам, Оливер Дерковски, Теута Арифи, Вулнет Амети, Али Ахмети, Ермира Мехмети, Имер Селмани и Андреј Жерновски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на закон за евиденции во областа на здравството - Прво читање.**

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за здравство како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија и Извештајот на Комисијата за европски прашања, како заинтересирано работно тело, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријаваат за збор.

Благодарам.

За збор се јавија: министерот за здравство, госпоѓата Јакупи Зумрете, господинот Пачемски Миле и господинот Диневски Менде.

Има збор министерот за здравство, господинот Бујар Османи, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници,

Постојните закони за евиденции во областа на здравството, и тоа Законот за евиденции во областа на здравството од 1978, 1988, 1995 година се стари и со нив се пропишани обрасци кои не задоволуваат и неопходно е да се осовременат за да можат да бидат компатибили со барањата на Светската здравствена организација Еуростат и другите меѓународни организации. Сегашната состојба на статистичките здравствени податоци и извештаи не одговара на барањата наметнати од актуелната состојба во Република Македонија, односно постои неусогласеност на националната здравствена статистика со ЕУ стандардите, за што е потребна промена на системот на здравствена статистика.

Собирањето податоци за дефинираните евиденции во повеќето здравствени установци се врши со употреба на здравствено статистички евиденциони обрасци. Со постојните прописи опфатенис е само индивидуалните извештајни обрасци, како на пример во Извештајот за стационарно лекувано лице не постои можност за одделно шифрирање на одделенијата и дневни болници. Така, за шифрирање на дневните болници се користат исти шифри со кои се кодираат одделенијата на кои им припаѓаат. Со таков начин на шифрирање лекуваните болни во дневните болници се прикажуваат заедно со лекуваните на одделенијата, што го зголемува показателот за искористеност на болничките капацитети. Исто така, нема можност за евидентирање, односно за шифрирање на единственото матичен број на здравствената установа или нема можност за упишување и шифрирање на дополнителната дијагноза.

Од здравствените установи податоците за кадар, посети и извршени услуги и утврдени заболувања и состојби, пополнети во извештајните обрасци и според постоечката законска регулатива се доставуваат до заводите за здравствена заштита. Во заводите се врши повторен влез на податоците и истите се доставуваат до РЗЗ во хартиена или електронска форма за понатамошна софтверска обработка на ниво на државата на податоците добиени во хартиена форма се врши логична и математичка контрола и се внесуваат во софтверите, а на податоците добиени во електронска форма се врши прилагодување за да можат да бидат прифатени во софтверите со кои располага Републичкиот завод за здравствена заштита. Ова е резултат на користење на различни софтвери како во заводите така и во здравстените установи, недостигот на електронска комуникација, непостоење на унифициран информациски систем, што ја отежнува целокупната работа во здравствената статистика. Само во некои здравствени установи податоците се достапни во електронска форма, односно внесени во компјутерски медиум и тоа главно финансисктие податоци за потребите на Фондот за здравствено осигурување. Вака прибираните подтаоци не даваат можност за мерење и следење на учинокот на здравствените установи, посебно од специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита преку перформансите утврдени со проектот за управување на здравствениот сектор, што условува прибирање на овие индикатори по пат на посебни проекти со изготвување на посебни прашалници, бидејки постојните стари обрасци ги немаат потребните содржини за изготвување на индикаторите. Постоечката инфра структура на инфорамтичката технологија не дозволува електронско собирање на податоците, кои ќе овозможат квалитетно собирање на податоци и следење на индикаторите. Сеуште

евиденциите се базираат на рачно внесување на податоците на хартија со можност за грешки.

Со донесувањето на овој закон ќе се обезбеди воведување на унифицирано водење на евиденциите во областа на здравството, централна база на податоците и усогласување на националната здравствена статистика со ЕУ стандардите. Овој закон се засновува на начелата на заштита на личните податоци, унифицираност во водење на евиденциите, единство на податоците во здравството со единствена информациско комуникациска инфраструктура, квалитет, ефикасност и ефективнсот на евиденциите, конкретни и јасни цели за собирањето на податоците, економичност, јасно утврдени податоци и обем.

Со овој зак се уредува водењето на евиденциите во областа на здравството. Со законот еуредено дека Републичкиот завод за здравствена заштит аи заводите за здравстена заштита се овластени носители на здравствената статистика за евиденциите што се водат во здравствените установи, а секоја здравствена установа за дејноста што ја врши е должна да доставува збирни и индивидуални евиденции и статистички извештаи. Евиденциите што се воспоставени сп законот се водат како индивидуални евиденции, значи поединечни податоци за физички или правни лица и збирни евиденции или агрегирани податоци. Во законот е содржано  и решение според кое водењето на евиденциите е составен дел на стручно медицинската работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници.

Во законот се утврдени и целите за кои можат да се користат евиденциите, и тоа: за укажувања на здравствена заштита на пациентот, како и како извор на податоци за статистички истражувања во областа на здравството и се користат за следње и проучување на здравствената состојба на населението, за програмирање и планирање односно преземање на потребните мерки во областа на здравствената заШтита, за потребите на научното истражување, за потребите на локалната самоуправа, за потребите на одбраната на земјата, за информирање на јавноста, за извршување на меѓународни обврски на државата, како и за други службени цели. Со законот се пропишани значи индивидуалните и збирните евиденции што ги водат здравствените установи, како и извештаите и роковите за нивно доставување до регионалните заводи за здравствена заштита, исто така се пропишани и регистрите што ги води РЗЗЗ  кој ги утврдува и единствените методолошки принципи и статистички стандарди и стандардните постапки за формирање и водење на зборките податоци и ја води централната база на податоци. Исто така е пропишан начинот на прибирање, обработка и користење на податоците и централна база на подтаоци и систем на безбедност и соработка во размената на податоците. Благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Јакупи Зумрете, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам претседателе.

Почитувани колеги, ние како ДУИ секако ќе го подржиме предложениот закон, бидејќи до сегашниот односно постојниот Закон за евиденции во област ана здравството не ги исполнуваше барањата како на Европската унија, така и нашите барања. Не дека е само услов за пристапување кон Европската унија, туку ова е и наше барање за да бидеме во чекор со времето, со развојот, со технолошкиот развој и со барањата на здравството, што е неопходно да се направи една реформа во постојнито Закон кој не ги исполнува условите како во однос на обрасците кои се доставени, исто така и начинот на водење на евиденциите во здравството.

Податоците на разни здравствени институции, што се добиваат преку извештаи како периодични така и лични, индивидуални, секако и во обрасци но и на друг начин се застарени и не се даваат потребните податоци за сегашната потребна технологија. Единствената можност која е направена само во Фондот за пензиско осигурување и тоа во Фондот за здравство, само тука се податоците во однос на финансирањето што се врши по електронски пат. Инаку, другите податоци се прават рачно и работата е удвостручена до РЗЗЗ, каде се обработени по втор пат и се прилагодени според софтверите што ги поседуваат. Сега со предложениот закон се овозможува унификација на податоци на електронски начин, каде ќе се заштеди како во време, така и во можноста на прибирање на податоци, поточни  податоци и изворни податоци, а не тие да се обработуваат и често пати една грешка може да се пренесе и да остави разни последици.

Со овој Предлог закон прибирањето на податоците, евиденциите од многу здравствени установи, со употребата на обрасци за статистичка здравствена евиденција, извештаите индивидуални и збирни, овие податоци кои до сега не ги исполнуваа потребите на актуелната состојба во здравството и не се во согласност со здравствената статистика, со националното здравство на Република Македонија и европските стандарди од  развиените земји, здравствените установи во Република Македонија во приватниот сектор, податоците за здравствените посети и извршените услуги за болестите пополнети во обрасците и извештаите, според извештаите, законските досегашни извештаи кои се актуелни во застарениот Закон се доставуваат до Заводот за здравство, каде повторно се даваат овие податоци и истите се доставуват до РЗЗЗ во писмена форма или по електронски пат преку ЦД или дискети, кои за натамошна софтверска обработка на државно ниво  како податоци треба да се прегледаат и да се направи една логична и математичка контрола, се ставаат во софтвер кој го псоедуваат. Тоа значи се врши нивно прилагодување и сето ова е едно софтверско

искористување, различно од разните РЗЗЗ и немаме унификација н аподатоци. Значи поради недостатокот на електронската комуникација и недостатокот на информатичкиот систем кој би бил унифициран, на овој начин се отежнува работата во прибирањето на податоци и како што реков претходно само во неколку здравствени установи податоците се собираат по електронски и компјутерски пат, а главно податоците се од финансиски пат кои му требаат на Фондот за здравствено осигурување. Овие податоци собрани по електронски пат овозможуваат да се направи мерењето и следењето, посебно на здравствената заштита, болничката заштита, но и во целост во консултативните болници, во дневни амбуланти и преку разни перформанси и индикатори потврдени со проектите за здравствениот сектор, се овозможуваат и ги решаваат овие перформанси преку посебните истражувања за подготовката на посебни прашалници.

Значи, старите обрасци немаат потребна содржина и подготовка на перформанси, или разни индикатори кои треба да ги содржат. Постојната инфратруктура, говорам за инфорамтичката, не дозволува прибирање податоци кои овозможуваат квалитетно прибирање на податоци и следењето на индикаторите. Сеуштее виденцијата се заснова според рачна обработка на податоците што овозможува грешки.

Со овој закон, со предложениов закон, се обезбедува унифициран водење на евиденциите во здравството, централната дата податоци согласно со здравствената национална статистика со европските стандарди, закон  кој се заснова врз основа на начелните барања како што е заштитата на личните податоци, унификација на водењето на здравствената евиденција, прибирање на податоци со заедничка информатичка структура за комуникација и вака може да има пристап секој кој сака и има потреба да добие значајни податоци, но секогаш се во заштита личните податоци.

Исто така со овој закон како што нагласив, се врши унификација, се унифицира и е можно поточно и поквалитетно да се следи здравствената состојба во Република Македонија. Значи, со овој закон се врши, водењето на документи да биде составен дел од вработените, здравстените работници кои неопходно треба да го познаваат начинот на работа по електронски пат, така што да има можност електронската инфорамција да биде унифицирана и затоа ние како Демократска унија за интеграција го гледаме како упатно донесувањето на овој закон , кој беше потребен и порано да се донесе на начин да се прилагодат податоците според потребата која веќе постои поради електорнскиот развој кој од ден на ден зазема голем замав и информациите сега се поприфатливи и поквалитетни и се исто така евидентирани. Ви благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министре,

Значењето на евиденцијата во областа на здравството има огромно значење. Во моментот во Република Македонија и во сегашноста и во минатото се водеше евиденција.

Здравствените работници пред себе секогаш имаат обрасци, односно формулари кои што ги пополнуваат за одредени болести. Меѓутоа, дел од тие обрасци, дел од тие параметри не се веќе во корелација со новите стандарди што ги бара Европската унија, односно не се во корелација со оние мерки што ги бара Светската здравствена организација, што ги бара Еуростат или  пак што ги бараат некои меѓународни организации од областа на здравството.

Од тие причини се наметнува потреба за носење на нов закон за евиденции во областа на здравството иако за волја на вистината кај нас постои таков Закон, меѓутоа тој Закон сепак е многу застарен, неговото донесување датира од времто на СФРЈ, така да имаше неопходна потреба тој Закон да биде променет, односно да биде изменет.

Со донесувањето на овој закон ќе добиеме ние можност за унифицирано водење на евиденција во областа на здравството, и ќе имаме релевантни податоци кои ќе бидат сумирани во Републичкиот завод за здравствена заштита каде што ќе имаме ние централна база на податоци.

Почитувани пратеници, медицинските науки се природни науки. Меѓутоа во својата работа, во својот делокрук тие во многу се служат со емпиријата, односно се служат со статистичките показатели во донесувањето на некои програми, во донесувањето на некои теории, хипотези, доктрини и т.н. Податоците кои што се добиваат од статистиката се од огромно значење. Дека се работи за навистина еден значаен закон, би сакал да кажам еден пример. Низ тој пример би сакал да кажам што значи тоа медицинска евиденција односно медицинска статистика. За пример ќе го спомнам карционот на  грлото на матката. Тој карцином долго време беше на прво место во светот. Како тоа го знаеме? Тоа го знаеме врз база на сите светски релевантни статистички показатели, односно во минатото од 100 илјади жени најмалку 50 до 60 заболуваа од тој карцином на грлото на матката и таа евиденција, тој податок беше аларм дека нешто мора да се работи за тој карцином да се сузбие, односно да се победи. Од тие причини, армија на лекари и научни истражувачи се впуштија во потрага како тој карцином да се намали кај женската популација, така што пред половина век беше пронајде брисот Папаниколау, познатиот ПАП тест, пред 12 до 13 години беше пронајден и причинителот на тој карцином, а тоа е ХПВ вирус.

Пред неколку години се пронајде и вакцината против тој ХПВ вирус, така што би сакал да кажам дека благодарение на таа евиденција, на таа статистика во областа на здравството, конкретно за тој карцином, имаме добри резултати. Денеска тој карцином не е на прво место кај женската популација и ако во минатото имало преку 50-60 жени заболени од тој карцином, денеска имаме бројчана застапеност под 10 жени на 100 илјади жени ќе заболат од тој карцином на грлото на матката. Сепак е тоа благодарение на тоа што во светот имаше евиденција, имаше показатели дека тој карцином бил многу застапен.

Сега што добиваме? Сега, наместо тој карцином да биде на прво место ние добиваме состојба карциномот на дојката, на градите кај жените излезе на прво место. Сега повторно истата слика. Армија лекари, армија научни истражувчи, влади, програми се пуштаат во разни активности, мерки како тој карцином на дојката да биде надминат односно да не го зазема првото место во светот и кај нас.

Од тие причини, секоја влада си презема сопствени мерки и јас да потсетам дека нашата Влада пред две години за прв пат донесе таква мерка, а тоа е Програма за рано откривање и борба против ракот на дојката. Пред две години за прв пат се одделија во групата на превентивни прегледи три милиони денари за оваа Програма за борба против карциномот на дојката, минатата 2008 година таа сума се зголеми на 10 милиони денари.

Врз база на тие статистички показатели дека ракот на дојката бил на прво место, така реагираат сите влади во светот, па така реагираше и нашата Влада. Ако пред 10-15 години имавме во Република Македонија 1, 2 или 3 апарати - мамографи кои служат за рано откривање на ракот на дојката, денеска се соочуваме со состојба скоро во секој град во Република Македонија се набавуваат такви апарати - мамографи со цел да имаме рано откривање на ракот на дојката. Сето тоа се базира врз она што го имавме како евиденција дека ракот на дојката го зазема првото место во женската популација.

Понатаму, беа вклучени разни кампањи за превенција од тој рак преку владини здруженија, преку невладини здруженија, на тој начин мислам дека во следните 10, 15, 20 години тој карцином на градите кај жените сигурно нема да биде повеќе на прво место, ќе избие некој нов карцином и ќе имаме иста слика повторно активности и мерки за новиот карцином да биде победен.

Сметам дека со овој пример кажав што значи евиденција, што значи статистика во областа на здравството и како соодветните институции реагираат на овие податоци.

Врз база на тие евиденции, врз база на тие показатели се носат програми за научно-истражувачка дејност. Тие користат за потребите на локалната самоуправа, се користат да се следи здравствената состојба на населението на одредена територија итн. Инаку, носители на таа здравствена евиденција во Република Македонија се две институции тоа е Републичкиот завод за здравствена заштита како централна институција и регионалните заводи за здравствена заштита. Меѓутоа, во целата таа постапка на здравствена евиденција учествуваат сите здравствени установи во Република Македонија и приватни и државни. Учествуваат сите здравствени работници и соработници преку своите обврски да ги пополнуваат постоечките обрасци односно формулари.

Сите тие евиденции односно сите тие податоци се користат се земаат од основната медицинска документација која се содржи во здравствениот картон на секој пациент во историјата на болеста на секој пациент, во амбулантскиот регистер, во регистарот на здравствената установа.

До сега имавме водење на такви евиденции индивидуални и збирни. Индивидуалните се евиденција за појавата на малигните заболувања во Република Македонија, сообраќајни несреќи и кардиоваскуларни заболувања итн, меѓутоа, сега со овој закон имаме три нови евиденции кои ќе бидат присутни, а тоа е: евиденција за појава на пред канцерозните состојби на грлото на матката познатите цино-ви, цин1, цин2 и цин 3, понатаму евиденција за биомедицинско потпомогнато оплодување и евиденција за трансплантација на органи и ткива.

Соодветно на овие евиденции во Републичкиот завод за здравствена заштита се води и регистер на сите тие индивидуални заболувања.

Читајќи го законот можам да констатирам дека сепак законодавецот си остава можност, еден преоден период во кој самите здравствени установи и здравствените работници имаат време да се прилагодат на тој нов закон. Се остава период за донесување на тие подзаконски акти, на тие правилници, на нови обрасци или формулари за здравствената евиденција.

По овој преоден период во рок од 18 месеци на ниво на цела Република Македонија би имале воведување на една единствена методологија, значи унифицирано водење на статистички показатели во областа на здравството.

Понатаму, се предвидува во иднина, во идните неколку години да имаме комплетно автоматизирано водење на сите податоци во областа на здравството. Ако денеска имаме рачно водење, а на некој места имаме автоматско водење или така наречено комбинирано водење на здравствената евиденција од 1 јануари 2013 година би имале комплетно автоматизирано водење на податоците. Тоа е од голема важност за самите лекари затоа што навистина одделуваат голем дел од своето работно време во пополнување на овие статистички показатели.

Се надевам дека со заживувањето на нашиот систем така наречен ИЗИ систем односно интегриран информатички систем во иднина би

имале многу поефикасна, порационална, попрецизна и поточна евиденција.

Се надевам дека во скоро време барем ќе можеме да ја достигнеме државата Црна Гора која, според моите сознанија, од овие денови таму веќе стартува овој систем, се разбира дека не би требало многу да заостанеме во тој поглед. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Со Законот за евиденција во областа на здравството ќе се задоволат и усогласат пропишаните обрасци и се надевам дека ќе се направи усогласување со барањата на дел од меѓународната заедница односно треба да се направи усогласување со националната здравствена статистика со ЕУ стандардите.

Со овој закон навистина ќе мора да се изработи унифициран информатички систем единствен софтвер за да се олесни целокупната работа во здравствената статистика. На ваков начин прибраните податоци ќе овозможат мерење и следење на учинокот на здравствените установи посебно во специјалистичко консултативните и во болничката здравствена заштита преку индикатори по пат на посебно истражување односно по пат на одредени проекти.

Со овој закон се предвидува заштита на личните податоци што сметам дека многу нема да ја исполниме, бидејќи како што тргнала Владата секојдневно да ги менува личностите кои имаат право да имаат увид во снимките кои ги прават здравствените установи, не знам дали воопшто ќе успееме да ги заштитиме личните податоци на нашите граѓани.

Се согласувам со унифицираноста во водењето на евиденцијата како и со квалитетот, ефикасноста и ефективноста на податоците со цел да имаме јасни и конкретни податоци.

Со вака утврдените цели ќе имаме укажување на здравствената заштита на поединецот но исто така и избор на податоци за статистички истражувања во областа на здравството. Исто така ќе можат да се следат и проучуваат здравствената состојба на населението. Овие податоци ќе можат да се користат за планирање и превземање на посебни мерки во областа на здравствената заштита, за одбраната на земјата, како и за информирање на јавноста. Со овие податоци кои согласно членовите во законот ќе се обработуваат во три дела.

Првиот дел е рачната обработка за која и самиот министер за здравство а вклучително и колешката од ДУИ посочи сомневање дека можни се одредени грешки.

Вториот дел е делумна автоматизирана обработка на здравствените и медицинските податоци, како и целта за која се стремиме, а тоа е целосно автоматизирана обработка на здравствените и медицински податоци и воведување на електронската здравствена картица.

Согласно член 55 целосната автоматизирана обработка на здравствените и медицински податоци се планира да отпочне од 1 јануари 2013 година односно две години откако ќе се воведе единствената методологија која ќе ја пропишува Републичкиот завод за здравствена заштита. И сето ова ќе беше во ред ако вие почитуван министре и оваа Влада се оградевте од изјавите и проектите на претходната Влада односно претходниот министер за здравство, но бидејќи вие ги продолжувате нивните проекти, како што е Проектот за снимање на пациентите по здравствените установи.

Мислам дека денес ќе ни дадете одговор и на неколку прашања кои ги поставив на Комисијата за здравство, а тоа да не знаеме до ден денеска, каде завршиле огромни финансиски средства кои беа наменети токму за оваа намена.

Ќе ве потсетам дека една од забелешките кои ги имаме во Извештајот на Европската унија во делот на здравството беше во делот на ИПИ технологијата односно заради каснењето во овој сегмент. И сега ќе ве потсетам своевремено што изјавил министерот за здравство некаде во средината на месец август 2007 година кога тврди дека со компјутеризацијата на Фондот е првиот чекор кон имплементација на стратегијата на воведување на интегративен систем во здравството и за воведување на електронската картица и притоа има изјавено дека во наредниот период ќе се поврзат сите аптеки, сите болници, сите здравствени установи, бидејќи само таквото поврзување со компјутерски систем ќе може да овозможи целосна автоматизирана обработка на податоците и дека за тоа во 2007 година во месец октомври е распишан тендер и дури дека следната година односно 2008 година која е зад нас ние ќе можеме да одиме на лекар со електронска здравствена картица.

Тоа е првата изјава на која на Комисијата за здравство навистина не добив одговор, бидејќи се поставува следното прашање како ќе стартува автоматизацијата односно целосната автоматизирана обработка на податоците ако тендерот е распишан во 2007 година, а ние до ден денес не знаеме колку од здравствените установи се компјутеризирани. Одиме понатаму.

Во месец декември 2007 година заменик министерот тогашен за здравство, Владимир Лазаревиќ, изјави дека за овој систем се потрошени околу два милиони евра и дека делот е финансиран со заемот од Светската банка за целосно интегриран здравствен информатички систем кој треба да заврши до 2010 година, а сега ние во Законот за евидентирање на податоците го пролонгираме до 2013 година чија вкупна вредност изнесува 10 милиони евра и крајната цел е воведување на електронската картица.

И, ќе завршам со последната изјава исто така во месец декември 2007 година значи точно пред година и повеќе од страна на министерот за здравство Имер Селмани кој вели: Владата, значи во 2008 година ќе вложи 20 милиони евра за подобрување на здравствените услуги. Новина е тоа што минатата година ние требаше да одиме на лекар со електронска картица наместо со книшка и за таа цел ќе се набават две илјади компјутери за сите здравствени установи, ќе се инсталира софтвер со кој секој граѓанин ќе добие електронско медицинско досие со кое пациентите ќе се следат од нивното раѓање.

И во изминатите три изјави на министерот и на заменик министерот видовме дека се потрошени огромни финансиски средства од страна на државата или тоа биле само паушални изјави, тоа вие треба да го потврдите почитуван министре за да дојдеме до крајниот заклучок. Зошто ако е сето ова како што го изјавиле и заменик министерот и министерот во 2007 година зошто ваквиот начин на целосна автоматизирана обработка на податоците во здравството треба да чекаме да отпочне со обработка во 2013 година кога согласно изјавите, согласно заемите кои се земени од страна на Владата, согласно тендерите кои се распишани пред година и пол досега сите здравствени установи, аптеки во Република Македонија треба да бидат поврзани во еден систем со еден софтвер со кој навистина ќе можеме овие податоци да ги обработиме. И навистина ако ова се лажни изјави или ќе се оградите од изјавите на досегашниот министер за здравство и ќе кажете дека навистина во здравството не се даваат финансиски средства односно сето тоа служело за популизам и задоволување на голи поени пред граѓаните односно пред пациентите во Република Македонија или ќе ни кажете пак каде се потрошени 20 милиони евра.

На крај се поставува клучното прашање до кога е крајниот рок на компјутеризација во здравството бидејќи како што е дојдено да функционира ова Министерство со секојдневно пролонгирање на роковите од година во година навистина не ќе можеме на ваков начин односно многу тешко ќе се обидеме да се доближиме до стандардите на Европската унија и до сите барања односно сите услови кои ги имаат доставено до нас, но сепак ова не го правиме за нас, ова го правиме за нас за граѓаните на Република Македонија. Очекувам од министерот за здравство да одговори на ова прашање. Инаку законот за евиденција и во областа на здравството ќе го поддржиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен министерот за здравство, повелете министре.

**Бујар Османи:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, јас нема да коментирам во делот на изјавите на претходни министри и сметам дека ова е излишно бидејќи граѓаните имаа можност да го кажат своето мислење на изборите од 1 јуни и како последица на тие избори така имаме нова ситуација во делот на здравството.

Во однос на Проектот за интегрирана информатичка здравствена технологија можам да кажам дека тоа е најголемиот меѓутоа и најсензитивниот проект кој што било кога е превземен или се предвидува во здравството. Тој е осетлив проект не само во Македонија и не само за Македонија туку и за поразвиени држави како што е на пример случајот со Република Ирска која што го воведе пред неколку години или другите држави од Европската унија, а значи интегрирање на сите единици, значи, буквално сите единици на здравствениот систем од примарната, секундарната и терцијалната здравствена заштита во една интегрираната дата база во која што ќе се внесуваат податоците при секое евидентирање односно влегување на пациентот во системот на здравствена заштита и плус тоа што го спомнавте вие електронското досие односно електронската картичка. Тоа овозможува да сите дејствија на системот на здравствена заштита да бидат интегрирани, да бидат сеопфатно со цел и ефектот од нив сумарен да биде подобар.

Не се точни информациите ваши дека се потрошени средства досега за воведување на овој систем, бидејќи се работи за постапка на јавна набавка на интегриран информатички здравствен систем и електронска картичка кој како дел од Програмата на Владата на Република Македонија кој што е отворен и процедурата тече. Ние досега веќе сме во фаза за потпишување на договорот за електронската картичка а верувам за неколку дена или недели ќе се потпише и договор за интегрираниот здравствен информатички систем со што и отпочнуваат роковите за реализирање на истиот. Тука не се толку битни деновите колку што е битна транспарентноста на целата процедура и колку е битен целиот систем да биде после функционален. Има лоши искуства од одредени земји на Европската унија кои што поради несоодветно планирање на ваквиот систем тој не бил функционален и не одговарал на потребите на системот. И, затоа ние ги превземаме сите мерки на предострожност со цел системот кога ќе биде готов да биде и функционален.

Рокот што вие го спомнавте за законот е 2013 година, тоа е крајниот рок на имплементирање на електронското евидентирање, меѓутоа нашите проекции се дека 2010 и 2011 ќе се заврши целокупниот проект и од тогаш веќе ќе почнеме со започнување на електронското евидентирање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Почитуван министре, овие не се мои информации, овие се изјави кои ги дале министерот и заменик

министерот за здравство во периодот во 2007 година. Ако вие се оградувате од овие изјави ако вие се оградувате дека Владата во 2008 година ќе вложи или вложила 20 милиони евра, тогаш некој ќе треба да понесе одговорност. Прва работа.

Втора работа, ако се оградувате дека за воведување на овој систем со потрошени околу два милиони евра изјава дадена на 25.12.2007 година од страна на заменик министерот исто така некој треба да ни каже каде се потрошени. Исто така треба да ни кажете до каде е тендерот што во октомври месец бил распишан за електронска здравствена картица. И на крајот на краиштата вие почитуван министре сте дел од Владата на ВМРО-ДПМНЕ односно Владата на ВМРО-ДПМНЕ беше столбот кој во изминатите две години ни тврдеше дека граѓаните на Република Македонија во 2008 година на лекар ќе одат со електронска здравствена картица. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи и исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за здравство како и матично работно тело и ЗПК и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот закклучок:

1. Предлогот на Законот за евиденции во областа на здравството е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за здравство и ЗПК на Собранието на Република Македонија.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 патеници, за предложениот заклучок гласаа сите 63 пратеници, воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложенниот заклучок.

**Минуваме на точка 8.- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња, - прво читање.**

Предлогот на ззаконот и извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и на ЗПК, ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

За збор се пријавија министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Ацо Спасоноски, господинот Никола Ќуркчиев, господинот Живко Пејковски и господинот Марјанчо Николов.

Има збор, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-динот Ацо Спасеноски.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња ќе се постигне ефикасна имплементација на законската регулатива во областа на земјоделството, ќе се овозможи поефикасна контрола на увозот, извозот, транзитот и реекспортот на ѓубрињата.

Со овој Предлог на закон се постигнува организирање на ефикасен систем на инспекциски надзор во областа на увозот и ѓубрињата и нивно следење до крајниот корисник.

Со овој Предлог на закон новина е дека во Државниот инспекторат за земјоделство од фито санитарните инспектори од Фито санитарната управа се преземаат мерки со што ќе се олесни размената на информации меѓу инспекторите, ќе се подобри транспарентноста на работата на Инспекторатот преку јасно дефинирање на правата на инспекторите, како и тоа дека ќе се елиминира судирот на интереси каде до сега фито санитарната управа даваше одобрение, а фито санитарните инспектори ги контролираа овие одобренија на граничните премини.

Ваквата организациска поставеност ќе предизвика поголема координација во спроведување на инспекцискиот надзор што подразбира дека ќе се добие во квалитет односно дека ќе се идентификуваат побрзо субјектите кои при вршење на дејностите, а праксата покажува дека спојувањето на овие инспекции ќе носи значителни финансиски заштеди.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, бидејќи се работи за прво читање на овој закон јас моето мислење не го делам и е малку поразлично од мислењето на предлагачот, особено заради тоа што постојат повеќе аргументи кои укажуваат на тоа дека Република Македонија ќе биде и изгледа ќе остане единствен пример во Европа со еден ваков систем на земјоделска контрола и инспекција. Ќе биде единствена во преземањето на фито санитарните инспектори во рамките на Државниот инспекторат. Целата работа не е денес ние да зборуваме за Законот за ѓубрива, бидејќи Законот, почитувани колеги, оние што не го виделе, има само два члена и скоро да не се менува ништо. Но, што е тука е. Доколку предлагачот сака да го менува Законот за ѓубрива требало да седне и да го разгледа постојниот закон, да ги увиди сите грашки кои постојат во истиот и барем да се обиде да ги поправи со овој нов Предлог на закон особено што се работи за прво читање.

Почитувани колеги, голем дел на работите со овие измени што се предлагаат за сите 4 закони, се спротивни на оценките во Извештајот на Европската комисија. Значи ние ќе почнеме да им кажуваме на експертите и од Брисел дека она што го работат не е добро и дека треба многу брзо треба да дојдат во Република Македонија и да видат што значи земјоделска инспекција, што значи Државен инспекторат и како се применува Законот за ѓубрива.

Иако поминаа 6-7 месеци од носење на Законот и неговата имплементација, почитувани колеги, скоро ниеден подзаконски акт не е донесен. Како тогаш можеме да зборуваме за примена на Законот.

Оваа измена, јас повеќе пати прашав, според која директива на Европската комисија се прави, нема одговор за тоа.

Во постојниот закон за ѓубрива во членот 36, кој е донесен пред 7 месеци и овој закон стапи во сила, вели дека правилата за добра земјоделска пракса, од ставот 1 на овој член, ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Еве, 5-6 месеци поминаа, ние немаме ниту еден основ да кажеме дека нешто се работи на таа материја и дрка голем број на подзаконски акти, кога веќе сме на темата добра земјоделска пракса, одамна помина рокот во Законот за земјоделство и рурален развој каде требаше да биде донесен правилникот, подзаконскиот акт, меѓутоа од таа работа нема ништо. Значи, сакам уште еднаш да укажам дека остро се спротивставувам на носењето на овој пакет закони од едноставна причина што во Република Македонија некој посакува работите да се централизираат, како во многу други дејности, така и во земјоделството и дека основа на сето ова е токму тоа.

Не случајно, доколку се сретнете денес со некој земјоделец во Република Македонија, ќе ви укаже дека во Република Македонија денес можете да сретнете разно разни видови ѓубрива, никој не знае ни како се увезуваат, ни кој ги увезува, ни кој врши контрола на истите итн. Меѓутоа, важно е ние да спомeнеме во јавноста и на емисиите, да не слушнат земјоделците дека ние финансиски го поддржуваме органското производство во Република Македонија, но тоа што нема инспектори кои се оспособени да го видат тоа е друга работа.

Почитуван предлагач, доволно е да отидете на првиот пазар, еве овде близу е до Парламентот и ќе видите какви се ѓубрива и со какви се етикети се продавааат и дали тоа смее некој да го прави и каде се инспекторите, ако зборуваме за подобрување на тоа.

И на Комисија кажав и овде ќе повторам, заради теоретската јавност која веќе почна да се буди и праќа сигнали, претпоставувам, до предлагачот дека вакво нешто не треба да се случи. Меѓутоа, дасли ќе има некој да го слушне тоа, тоа е друга работа.

На Комисијата кажав дека воопшто не постои регистар на увозници не ѓубрива и какви се ѓубрива се увезуваат во Република Македонија, дека не постои регистар на производители на ѓубрива, дека не постои регистарт на трговци на мало за ѓубрива и дека, почитуван министер, фалат голем број на подзаконски акти. Кажете конечно каде може да ги добиеме, како да осознаеме дали воопшто е донесен некој акт. Не знам друг начин. Напишав три писма до вас, одговор се уште немам.

Ако го земете Законот за ѓубрива, токму овој што предлагате да се менува, за член 4 не сакам да дискутирам, дека таму пак сте земале обврска а не сте ја завршиле работата. Од тие причини, почитувани колеги, не гледам никаква причина ние да зборуваме денес за носење на некаков нов закон со кој ќе го измениме и дополниме Законот за ѓубрива, а притоа да не оцениме состојбата на областа што сакаме да ја промениме. Значи, нема да зборуваме за Законот за ѓубрива, туку ќе зборуваме за тоа како и на кој начин се замислува дека земјоделската инспекција ќе функционира во Република Македонија како единствен пример. Зошто? Заради тоа што примерот кој е земен од Словенија да се примени во Република Македонија, не функционира во Словенија и тој е во постапка на менување. Меѓутоа, сега некој тоа го направил и сега е тешко да се признае дека ова е грешка.

Почитувани колеги, не сакам да зборувам за целите и основните начела односно основни решенија од овој закон, од едноставна причина што ова е само пратенички дел, Закон со два члена кој треба да ги поддржи останатите три члена, односно три закони, а тоа е Законот за државна инспекција. Затоа, се извинувам, но остро реагирам на носење не само на овој закон туку и на следните три закони. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Јани Макрадули).

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Реплика има министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Ацо Спасеноски:** Јас ова би го кажал како мало појаснување затоа што господинот пратеник очигледно доволно не ја познава проблематиката и тука сме да објасниме.

Остро се спротивставува, не само господинот пратеник туку и сите оние кои шверцувале секакви препарати во Република Македонија, секакви ѓубрива и со години ги злоупотребувале земјоделците, со тоа што се доведоа во ситуација земјоделците да не знаат што купуваат, а постоечките закони и пред донесувањето на овој закон во 2007 година, и те како го уредувале контролирањето на овие ѓубрива.

Она што не го спомнав, на самата Комисија за земјоделие кога се расправаше, претставниците на земјоделските здруженија што ги претставуваа земјоделците и те како го поддржаа ова. Тоа не е

единствен случај во Европа, туку од државите на Европската Унија предвидено е фито санитарните контроли на ѓубривата, препаратите и средствата за заштита на растенијата,а да ги врши Инспекторатот, а во Фито санитарната управа остануваат фито санитарните контролори во ИДБ службата за следење на болестите.

Она што постојано господинот пратеник милува да го спомнува е подзаконските акти и каде да ги најде. Донесените, повеќе од 130 подзаконски акти се објавени во “Службен весник”.

Околу кажувањето дека не се врши контрола, да кажам дека секое вештачко ѓубриво од септември 2006 година кое се увезува во Република Македонија, се контролира од инспекторатите при Министерството за земјоделие.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За контра реплика е јавен господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван министер, колку што се сеќавам вие скоро три години сте министер во Република Македонија и зборувате за некое време. Сакате да речете дека три години ви беа потребни да осознаете дека некои органи во ваша надлежност не работеа како што треба? Сакате да кажете дека до сега воопшто немавте намера да се занимавате со земјоделство, да увидите дека за прв пат нудите закон во кој ќе ги казнувате земјоделците по 1000 евра. Така ќе го полните буџетот? Ваша обврска беше да увидите кои служби не работат како што треба и до сега да ги исправите грешките.

Друга работа, подзаконски акти донесени се можеби и 150, не 130 колку велите вие, меѓутоа треба да бидат донесени 500. Каде се останатите 400, прашувам. Ние зборуваме за Закон за ѓубрива, кажете ми што од овој закон, од оваа област, како подзаконски акти имате.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Ќуркчиев.

За збор е јавен господинот Живко Пејковски, повелете.

**Живко Пејковски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Можеби мојата дискусија ќе се повтори со претходните дискусии, меѓутоа некои работи треба повеќе пати да се кажат за да се запамтат.

Со донесувањето на Предлог законот за ѓубрива се предвидуваат некоку работи.

Првата работа е поефикасна имплементација на законската регулатива.

Втората работа е поефикасно решавање на поднесените барања за поведување на прекршочна постапка.

Третата работа е зголемување на ефектот на Државниот инспекторат за земјоделство.

Со префрлање на фито санитарната инспекција во Државниот инспекторат за земјоделство се овозможува поефикасна контрола на увозот, извозот и реекспортот на ѓубрива во Република Македонија.

Сите овие мерки кои произлегуваат од овој Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за ѓубрива и те како ќе бидат од голема корист за земјоделството, а посебно за самиот земјоделец.

Сведоци сме дека од време на време скоро секоја година се појавуваат штети во земјоделството. Штетите, добро знаеме дека се заради лошиот квалитет на вештачките ѓубрива, заради лошиот семенски увозен материјал или не соодветните пестициди кои понекогаш прават пустош во македонското земјоделие. Сето тоа доведува до губиток на големи парични средства и сето тоа завршува по грбот на земјоделецот.

Заради конфликтот на интереси помеѓу Фито санитарната инспекција и Државниот инспекторат за земјоделие од една страна и заради надлежностите што ги имаат и едниот инспекциски орган и другиот инспекциски орган, а се во склопот на истото Министерство земјоделие, понекога и заради нивната ненадлежност, често се случува и судот во Република Македонија да не знае кој е во право, дали земјоделецот или трговецот и обично секогаш губи земјоделецот. Мало појаснување.

Со досегашната пракса фито санитарната инспекција беше и сеуште е надлежна да издава одобрение за увоз на ѓубрива, за нивна регистрација, за контрола на граничните премини, како и за инспекциски надзор во самите фирми. Значи онаа народната - кадија те тужи, кадија те суди.

Со овој предлолг на измени и дополнување на Законот за ѓубрива се менуваат само два члена. Се менува членот 45 став 2 и членот 58 став 1, во поглед на контролата и трошоците.

Да не должам многу, се работи за добар Предлог на закон кој заслужува поддршка.

Самиот факт дека и претставниците на фармерите, на земјоделците, му дадоа безрезервна поддршка на овој закон, почитувани колеги и ние треба да го поддржиме. Единствено нема да го поддржат сите оние лоши трговци кои до сега ловеа во матно, увезуваа неквалитетни вештачки ѓубрива, увезуваа неквалитетни пестициди и правеа пустош во македонското земјоделие. Од тие причини, колеги пратеници овој предлог на закон заслужува наша поддршка. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Има збор г-динот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потретседателе, почитувани колеги, почитуван министер, се јавив по однос на овој закон, иако не е моја област пред се затоа што името на законот е Закон за ѓубрива, а доаѓам од градот од Велес каде што постои единствената фабрика за производство на вештачки ѓубрива во Република Македонија која што моментално не работи. Бидејќи немаме друг начин, или друга

можност да дебатираме околу овој проблем, би ја искористил оваа можност и оваа дебата, тука е министерот за земјоделие доколку не може да одговори на прашањата, би го замолил барем на Влада да ја разгледаат можноста околу повторно пуштање во производство на фабриката за вештачки ѓубрива во Велес. Знаеме дека од оние податоци јас што ги имам Република Македонија годишно троши од 60 - 80 илјади тони вештачко ѓубриво, а капацитетот на хемиската индустрија во Велес, или ХИВ е околу 130 илјади тони. Годишно според податоците со кои што располагам се трошат некаде околу 20 милиони евра за увоз на вештачко ѓубирово што е неповолно за државата, бидејќи и така имаме голем дефицит во трговскиот биланс. Досега не ми се разбирливи мотивите Владата да не се заинтересира за овој проблем и да не направи напори барем да види дали постои можност фабриката за вештачки ѓубрива во Велес да се стави во функција. Тоа ќе придонесе Владата субвенциите кои што ги дели за вештачко ѓубриво да останат кај нашата фабрика во Република Македонија, земјоделците да набавуваат од нашата фабрика, едноставно да не се одлеваат девизи освен во делот на набавка на суровини. Затоа би сакал да апелирам до министерот за земјоделие и до Владата доколку постои најмала можност фабриката да се отвори, мислам дека е добро да проработи. Таа работеше рентабилно заедно со помошта од државата беше една од поуспешните фабрики додека работеше. Откога настана спојување со Металурско хемискиот комбинат бидејќи тие претставуваат на некој начин една заокружена техничко технолошка целина поради сулфурната киселина, настанаа проблеми, фабриката е затворена. Јас знам дека постои процес во кој што тие се сега заедно и таму е навлезен приватен инвеститор. Но, ценам дека, ако државата има посебен интерес, посебно за фабриката за вештачки ѓубирива, мислам дека треба сите напори да се направат оваа фабрика да се стави во функција поради разни причини. И околу 230 до 250 луѓе ќе се вработат, а Велес моментално ги преживува најтешките социјално економски моменти, бидејќи е во тотална сиромаштија. И затоа мојот апел околу дискусијата по однос на овој закон е токму, се јавив поради фабриката за вештачки ѓубрива да не се одлеваат пари, да се вработат луѓе и контролата сигурно кога е во домашна фабрика на вештачките ѓубрива е поголема.

Не се согласувам со дискусиите на колегите и на министерот, дека ако сега се спојат инспекциите, контролата ќе биде поголема, или дека некој досега се богател со неквалитетни вештачки ѓубирива, или препарати. Постои тоа, но не е причината за нефункционирањето тоа што не биле споени инспекциите. Тоа е затоа што треба да си ја вршат работата на терен. А концептот што го нудите, доколку тие и понатаму не ја работат работата, повторно ќе остане исто, само ќе се спојат. И во таа смисла не е добро образложението кое што го давате дека досега постоеле пропусти, затоа што инспекциите не биле споени. Тие си имаат точно определени надлежности и треба да си ја вршат својата функција. Вие цените дека тој концепт е добар. Ние цениме дека не е во ред и затоа ќе бидеме против ваквиот начин на работа на инспекциите. И затоа уште еднаш да апелирам, ако постои и најмала можност за фабриката за вештачки ѓубрива да проработи во Велес, да ја ставите во функција. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на Законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња е прифатлив и може да се даде на натамошно, односно на второ читање.

Второ, овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Процедурално има г-динот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Личи на шега, ама привремено нека се инсталираат копчиња по кафеаните. Луѓето сега и други работи работат, ги чекаат избори.

**Јани Макрадули:** Во салата има доволен број на пратеници.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. За предложениот заклучок гласаа 51 пратеник, никој не се воздржа од гласањето, 10 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата - прво читање.**

Предлогот на Законот и извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и на Законодавно правната комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на Законот, да се пријават за збор.

За збор се пријавени министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и г-динот Ќуркчиев.

Има збор предлагачот, г-динот Ацо Спасеновски.

**Ацо Спасеновски:** Почитувани пратеници, со овој Предлог на Закон се постигнува организирање на ефикасен систем на инспекциски надзор во областа на земјоделството и нивно координирано спроведување на територијата на Република Македонија.

Со овој Предлог на Закон новина е дека во Државниот инспекторат за земјоделство ќе се преземат и фитосанитарните инспектори од Фитосанитарната управа со што ќе се олесни размената на информациите меѓу инспекторите, ќе се подобри транспарентноста на работата на Инспекторатот преку јасно дефинирање на одбраната на инспекторите, како и спречување на судир на интереси каде што Фитосанитарната управа издава одобренија, а самите фитосанитарни инспектори ги контролираат овие одобренија на граничните премини.

Во рамките на Фитосанитарната управа ќе функционира посебен дел на ИДП службата, или Служба на контрола на болести кај растенијата која ќе се спроведува преку фитосанитарни контролори кои на терен ќе ги следат овие болести кај растенијата, ќе предлагаат и спроведуваат мерки за контролирање, спречување и искоренување на овие болести. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Има збор г-динот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потрпретседателе.

Почитувани колеги, го чувме образложението на министерот, односно на предлагачот. Забележавте и сами дека образложението е исто како и за претходниот закон, апсолутно е исто. Впрочем, ако го отворите овој закон, ќе видите дека и првата и втората и третата страна апсолутно се исти како кај претходниот закон. Што значи дека и во оценките за состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причините за донесување, основните цели и начела, решенијата, оценката за финансиската последица во Предлогот на Законот апсолутно се исти како и за претходниот, како и за следниот закон итн.

Почитувани колеги, за здравствената состојба на растенијата во Република Македонија надлежна институција е пред се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Фитосанитарната управа која што има 4 сектори: Сектор за Фитосанитарна инспекција, Сектор за здравје на растенијата, Сектор за пестициди и вештачки ѓубрива и Сектор за меѓународна соработка и правни работи.

И сега наеднаш оваа Управа која што си ја врши работата многу лошо во изминатиот период од 3 години никој не забележал дека во изминатите 3 години оваа Служба која што е задолжена за здравјето на растенијата не ги терала работите како што треба. Од тие причини претпоставувам дека министерот сега бара оваа Служба едноставно да се подели, да се растури спротивно на позитивните оценки на извештајот на Европската комисија која што единствено без забелешки се јави токму во овој сегмент на земјоделието во Република Македонија. Но, тие позитивни оценки претпоставувам дека не треба да ги спомнуваме заради тоа што некој донел одлука дека оваа Служба, или Управа, како сакате, едноставно треба да се растури.

Почитувани колеги, ако сега се оди со предложените измени кон деградација би рекол на фитосанитарниот систем во Република Македонија тоа нема да остане без далекусежни проблеми во контекст и на организацијата на Министерството меѓутоа и се разбира во контекст на здравјето на растенијата за што претпоставувам и главните фактори во Европа како во државата така и во меѓународната јавност Комисијата во Брисел ќе се јави и ќе реагира зошто еден ваков систем кој што постои, кој што е етаблиран во Република Македонија каде што голем број на експерти доаѓале и ги обучувале нашите инспектори, наеднаш се распаѓа цел еден систем и си оди на нешто друго.

Почитувани колеги, сите знаеме дека државната лаболаторија која што е независна е директно или ако сакате индиректно поврзана со Управата за заштита на растенијата, меѓутоа, тоа не е важно. ИДП службата не е служба почитуван министер, само служба за болести напротив, тоа е служба за болести меѓутоа пред се служба која што ги информира замјоделците како и на кој начин да се справат со проблемите кои што наидуваат или постојат во одредени области. И вие од мене подобро знаете дека таквите служби или ИДП служби имаат повеќе центри во Република Македонија. Значи тоа е еден би рекол советодавен дел од страна на ова ИДП служба во Република Македонија која што иако не е организирано онака како што треба, а треба да биде многу подобро организирана гледаме дека ние сега имаме приоритетна цел да ја окрупниме инспекцијата, на сите оние кои досека работеа како што работеа да им кажеме дека не ја терале работата како што треба, министерот ја презема одговорноста дека тој не можел за три години да увиди дека оваа служба многу лошо работела и сега затоа сака да ги поправи грешките, се разбира најодговорен е тој за една ваква состојба.

Почитувани колеги, Законот за заштита на растенијата има три, четири члена кои што не менуваат ништо. Апсолутно како што кажав и во моето воведно обраќање, дека истите образложенија важат за сите три закони. И почитуван министер, сакам правилно да ме разберете, воспоставувањето на едно управно тело особено во вакви односи како што се наоѓа земјоделството во Република Македонија верувајте дека ќе ја концентрира и одговорноста на едно место. Кога јас би бил на ваше место никогаш не би дозволил една ваква работа да се случи, но се разбира дека мнозинството ќе ве

подржи, дека ќе биде донесен овој закон, меѓутоа тврдам дека барањата од сферата на здравствената состојба на растенијата нема да делуваат компактно и ќе биде многу полош отколку овој систем кој што го имаме денеска. Вие сте мнозинство, на нас е да укажеме на работите кои што гледаме дека не одат добро, меѓутоа не можеме да се надгласуваме.

Велам дека дури и стручната јавност се јави и укажа дека овој правец кој што го фативте, не е добар и дека треба да ги испитате вашите намери во овој сегмент и дека не се добри. Меѓутоа и тие не можат да направат ништо освен да укажат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Прво, би му заблагодарил на пратеникот за неговото огромно експертско знаење во областа на Фитосанитарната управа и Законот за заштита на растенијата и фитосанитарните инспектори.

За да се зголеми тоа знаење уште повеќе, јас само уште еднаш би повторил, Фитосанитарната инспекција или контролата на болестите останува во ИДП службата која и денеска функционира преку подрачните служби на ИДП службата каде што во секој момент на терен заедно со Земјоделскиот инспекторат се контролираат сите оние заразни болести кои можат да предизвикат проблеми и за кое следење сме обврзани со самите ЕУ - директиви.

Второ, уште еднаш ќе повторам дека никаде во еворпските регулативи не е дефинирано дека мора да постојат фитосанитарни инспектори. Тоа што некој ви го пишувал тоа се фитосанитарни контролори за следење на болестите и тие постојат. Суштината на постоењето на фитосанитарните контроли е посебно обучен дел во Државниот инспекторат за земјоделство кој ќе биде надлежен, на кој му се зголемени ингеренциите, зголемени се казните за да може да се врши контрола како што претходно спомнав, со Законот за препарати за заштита на растенијата, Законот за здравје на растенијата и Законот за ѓубрива. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, вие можете да бидете циничен колку што сакате. Околу познавањето или непознавањето на областа особено фитосанитарната област во Република Македонија меѓутоа, почитуван министер, не знам дали гледате телевизија. Ваши директори на Државен инспекторат делат земјиште. Како го дозволувате тоа? Мислите дека тоа е добро? Мислите дека е тоа во нивна надлежност? Ценам дека треба да имаме коректни односи и како претседател на Комисијата за земјодлество и мислев дека не само јас туку било кој, било кое укажување од било кој пратеник од позиција или опозиција кое е добронамерно упатено кон вас не е политиканство, туку едноставно искрена критика за она што оди лошо. На следниот закон ќе ви кажам зошто. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е ицрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на Извештаите на Комсијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, како матично работно тело, и Законодавно-правна комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието, да се достави до Комисијата за земјоделство,шумарство и водостопанство и Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 51, воздржани нема, 8 пратеници гласаа против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата - Прво читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство, шумартство и водостопанство како матично работно тело и на Законодавно-правна комисија ви е доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Пред нас имаме еден закон кој што исто како и останатите два закона ценам дека не треба да биде прифатен од наша страна како пратеници, особено заради тоа што голем дел на експерти во

Република Македонија негативно се изјасни за овие структурни промени би рекол во инспектирањето на земјоделската дејсност во Република Македонија.

Почитувани колеги, пред мене го имам Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија 2008 година. Во Извештајот единствен сегмент кој што се потенцира како позитивен е делот каде што се вели дека е постигнат напредок на полето на фитосанитарната политика во Република Македонија и токму овие 4 закони за кои ние денес зборуваме ја менуваат таа позитивна оценка на Европската комисија за која што предлагачот вели дека е неспорна.

Почитувани колеги, дозволете ми да прочитам дел од мислењето на Здружението за заштита на растенијата во Република Македонија во врска со структурните промени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија во рамките на инспекцискиот надзор.

Почитувани колеги, ова Здружение за заштита на растенијата во Република Македонија, а ве молам прочитајте го насловот на законот, па ќе ви биде јасно за кој закон зборуваме, се надевам дека предлагачот ме слуша, Здружението за заштита на растенијата е едно од најстарите во Република Македонија и како агрономски и би рекол како академско здружение, кое со својата активност оставило белег во развојот на земјоделството во Република Македонија. Својата активност овие членови ја фокусираат во фитосанитарниот систем како еден од најзначајните столбови на системот на безбедност на храна, грижата за културите во примарното земјоделско производство, навремено и правилно справување со биолошките штети, како и правилна примена на средствата за заштита на растенијата со базични постулати на фитосанитарниот систем.

Почитувани колеги, на Факултетот на земјоделска наука и храна се отвори посебна студиска програма за заштита на растенијата, која предвидува и би рекол произведува кадри специјализирани за работа во фитосанитарниот систем во Република Македонија. Законот за производи за заштита на растенијата предвидува кај производителите и трговците со средства за заштита на растенијата ангажирање на кадери со едукација од областа на заштита на растенијата. Тоа подразбира дека не сите, меѓутоа, добар дел на дипломирни земјоделски инжинери, можат да работат во фитосанитарниот систем и да ја обавуваат оваа дејност, меѓутоа, велам не сите туку само оние кои ја следеле програмата за заштита на растенијата.

Почитуван министер, уште еднаш ова здружение укажува на специфичноста на фитосанитарниот систем, кој успешно го води Фитосанитарната управа во рамките на Министерството за земјоделство, шумартство и водостопанство на Република Македонија. Цитирам:

"Во тек ме со новите предлог измени на Законот за здравје на растенијата, Законот за производи на заштита на растенијата, Законот за ѓубриња како последица на новиот предлог за земјодлеска инспекција. Со новите измени се предвидува спојување на Земјоделската инспекција со Фитосанитараната инспекција со натамошната работа егзистирање на поимот "земјоделски инспектор". Со оваа реакција сакаме да укажеме дека фитосанитарниот инспектор има посебна обука и работи специфични задачи за кои е едуциран. Поимот "фитосанитарен инспектор" е поим етаблиран во јавноста заради специфичните задачи кои треба да ги обави. Со спојување на инспекцијата и нејзиното униформирање со еден термин се губат долгогодишните активности во областа на фитосанитарниот систем и се нарушува строго специфичноста во дејноста.

За споредба би сакале да укажеме дека и покрај тенденцијата за обединување на инспекцијата во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство останува она што го зборувавме и на Комисија. Остануваат да егзистираат Шумарската инспекција и Ветеринарната инспекција. Тоа само по себе укажува дека некои специфични дејности бараат специфична едукација и организација на работа.

Сметаме дека нашето мислење и реакција нема да бидат негативно прифатени - сеуште цитирам, почитуван министер - бидејќи даваме подршка на активностите што се вршат во ова Министерство, но сакаме да го потенцираме значењето на фитосанитарниот систем и Фитосанитарната инспекција. Неправилно следени активности во заштита на растенијата во примарното земјоделско производство доведуваат до контаминација на храна која што не може да се исчисти со ниедна постапка во процесната индустрија и не случајно постои синтагмата " од нива до трпеза"."

Почитуван министер, ова е мислење на експертите, ова е мислењето на професорите, ова е мислењето на Здружението за заштита на растенијата во Република Македонија, не на некој пратеник кој што има непознавање од оваа област, како што вие милувате да цитирате. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Јас се извинувам на пратеникот ако тоа го сфати како навреда, но јас само го потенцирав неговото знаење во таа дејност.

Прво, експертите и те како беа консултирани во донесувањето на законот и во донесувањето на овие измени. Јас не гледам логика на нештата кога само пред 20 минути зборувавте дека Фитосанитарната управа не работела добро овие три години, а сега и вие прочитавте од мислењето од тие експерти дека Фитосанитаранта управа работела успешно и не гледам што е причината на толкави коментари кон нешто кога се предлага

дека со овој предлог прво се заштедува буџетот, не мора во една земјоделска аптека или во еден комбинат да одат две посебни возила со двајца инспектори од едно Министерство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Второ, и самата Европска унија бара интегриран систем за заштита и контрола и пренесување на податоци. Тоа не може да се спроведе, ако имаме во една управа едно, а во друга, во Инспекторатот друго. Едноставно заштедата на Буџетот, контролата ќе го направи овој начин на функционирање да функционира во оваа дејност.

Трето, тие обучени експерти за следење на болести или фитосанитарните доктори тие остануваат во Фитосанитарната управа како служба ИДП служба и фитосанитарни контролори.

Четврто, фитосанитарните инспектори кои ќе вршат контрола остануваат како посебен сектор во Државниот инспекторат за земјоделство, можеби возбудата е поголема затоа што на овој начин и со следниот закон за инспекторат се зголемуваат казните, се зголемуваат можностите за спречување на секакви можности на злоупотреба.

Инаку, повторно ќе кажам експертите од оваа област и те како сме во редовен контакт, ги контактиравме и во суштина и тие учествуаа во изработката на овие закони од областа на фитосанитарната област.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев**: Почитуван министер, очигледно не сте ме следеле внимателно.

Јас ниту сум надлежен ниту сум во состојба да ја оценувам работата на фитосанитарната инспекција во Република Македонија. За тоа сте надлежен вие. Меѓутоа, морав да го потенцирам тоа заради тоа што стално укажувате на многу пропусти што ги правела оваа управа во изминатите три години, а тоа била ваша надлежност. Ако оваа управа правела грешки требало до сега да ги санкционирате и да ги поправите тие грешки. Не може некој од опозиција да отиде да ги поправи грешките што ги работат владините службеници.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, како матично тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му прелдагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на на растенијата е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 55 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, 8 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за Државен инспекторат за земјоделство - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Ацо Спасеноски, господинот Панче Дамески, господинот Никола Ќуркчиев и господинот Васко Шутаров.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете министре.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Со Предлогот на законот за Државен инспекторат за земјоделство се уредува целта, организацијата, надлежости и постапките на инспекцискиот надзор. Со овој предлог на закон се постигнува организирање на ефикасен систем на инспекцискиот надзор во областа на земједелсвото, руралниот развој, рибарството и аква културата и нивно координирано спроведување на територијата на Република Македонија преку доследна имплементација и усогласување со Законот за прекршоци. Предлогот на законот за Државен инспекторат за земјоделство не предизвикива фискални импликации, а со неговото донесување ќе се придонесе во поефикасна имплементација на законската регулатива во областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аква културата и на овој начин ќе се делува и во насока да се зголеми степенот на општата безбедност на крајните корисници и ризикот по животот и здравјето на животните преку координирани контроли со кои ќе се делува во насока за ефикасен систем на инспекциски надзор.

Со носење на овој Предлог закон се почитува начелото на транспарентност и јавност, начелото на доверливост како и начелото на претпазливост и пропорционалност што подразбира дека Инспекторатот е должен да ги достави сите неопходни информации кои би можеле да бидат од корист. Освен информациите за кои со закон не е дозволен пристап да ги чува доверливо добиените податоци на начин и под услови утврдени со закон и друг пропис, како и во случај кога тоа е можно и оправдано да им се даде можност на контролираните субјекти да ги отстранат консатираните недостатоци.

Со овој Предлог на закон една од новините е дека Државниот инспекторат за земјоделство се превземаат и фитосанитарните инспектори од Фитосанитарната управа. Ваквата организациска поставеност ќе предизвика подобра координација во спроведување на инспекцискиот надзор што подразбира дека ќе се добие во квалитет односно ќе се идентификуваат субјектите кои при вршење на дејностите не се придржуваат на законските регулативи, за што ќе се превземаат координирани мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури што подразбира дека ќе се врши координиран инспекциски надзор како во внатрешноста така и во надворешниот промет преку државната граница увозот, извозот, транзитот.

На овој начин ќе се овозможи побрз проток на информации, а ќе се зајакнат и човечките ресорси, но и значително ќе се придонесе во финансиските и буџетските заштеди и ќе се делува во насока на создавање на единствен интегриран систем на контрола.

Во делот на надлежноста со овој Предлог на закон се опфаќа инспекцискиот надзор над примената на законите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аква културата и на поблиските прописи донесени врз основа на законите од овие области. Преку контроли и прегледи во внатрешноста на државата но инспекциски надзор преку контроли и прегледи на пратките од увоз и извоз на граничните премини и на терминалите на производите, растенијата и суровините.

Новина со овој Предлог на закон е дека инспекторот може да донесе решенија ако при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека законот или друг пропис не е примерен или е неправилно применет од страна на субјектот со кој ќе се нареди да се отстранат неправилностите во определен рок при што решените има сила на извршна исправа, но и дека може да донесе решение со кое ќе се забрани вршењето на дејноста и да преземе мерки за запечатување на објектот, опрема или просторија во која се врши дејноста при што запечатувањето се врши со жиг на инспекторот и лента со натпис- затворено - Државен инспекторат за земјоделство.

Во овој Предлог на закон доследно е имплементиран Законот за прекршоци, прекршочната постапка, постапката за порамнување и посредување со која е предвидена глоба која е зголемена и изнесува од 3,5 до 5 илјади евра во денарска противвредност за сторен прекршок на правно лице и глоба од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице при што покрај глоба на правното лице е предвидена можност да му се изрече санкција за забрана на вршење на дејност во траење од 6 месеци до 1 година, а глоба во износ од 500 до 1500 евра во денарска противредност предвидено е да му се изрече за сторен прекршок на физичко лице.

Покрај паричната казна за прекршоците предвидено е да се изрече мерка за безбедност, одземање на предмети, средства, производи, растенија, риби и друго што се употребени за извршување на прекршокот, но и конфискација на имот, имотна корист прибавена со прекршокот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Претседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници.

Накратко ќе образложам зошто ќе го подржам предложениот закон.

За прв пат во Република Македонија се донесува закон за Државен инспекторат за земјоделство со што во законска рамка се става една многу битна институција, еден инспекторат чие ефикасно функционирање е предуслов да имаме добро земјоделство.

Со овој закон се уредува организацијата, надлежноста, овластувањата и постапката на инспекцискиот надзор.

Со предложените законски решенија ќе се обезбеди организирано и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор во областа на земјоделството, развојот на селата, рибарството и аква културата.

Суштинска измена во досегашното функционирање на постоечкиот Државен инспекторат за земјоделство претставува преминувањето на фитосанитарната инспекција од фитосанитарната управа во овој Инспекторат. Тоа значи дека во иднина земјоделската инспекција и фитосанитарната инспекција ќе функционираат заедно.

Со овој концепт на организација на инспекциите кој мислам дека е добро осмислен и е подржан од сите релевантни земјоделски здруженија ќе се овозможи подобар и поефикасен систем на инспекциски надзор во областа на земјоделството, подобра координираност, зголемен број на контроли и поефикасно решавање на предметите од овие области.

Бидејќи во надлежност на Државен инспекторат за земјоделство е контрола и преглед на земјоделското земјиште, земјоделските посеви и насади, производството и прометот на пестициди, хербициди и други средства, производството и промет на семенски и саден материјал, производството и прометот на

органски минерални ѓубрива, производството и прометот на тутун и тутунски производи, вино, органски производи и уште многу други активности од областа на земјоделието, раководењето на инспекциските служби од еден центар ќе придонесе за нивно многу поефикасно и по координирано делување.

Со ваквата предложена поставеност и организираност исто така ќе се постигне и подобар надзор, подобра контрола и преглед на сите пратки од увоз на добиточна храна, ѓубрива, семенски и саден материјал , подобра контрола на увозот и извозот на вино, подобра контрола на производите наменети за заштита на растенијата.

Крајна цел со ова ќе биде да се постигне производство на безбедни прехрамбени производи од здравствен аспект чие производство ќе биде следено и контролирано од нива до трпеза, а со тоа ќе се постигне посебна заштита на здравјето на луѓето.

И понатами останува самостојноста во работата на инспекторите и на земјоделските и на фитосанитарните и преземањето соодветни мерки од нивна страна врз основа и во рамките утврдени со овој закон и други закони. Единствено што сега ќе можат земјоделските и фитосанитарните инспектори да се надополнуваат многу поедноставно и заедно да преземаат соодветни мерки во согласност со своите надлежности.

Новина е и тоа што инспекторот ќе може да носи решение со кое ќе може да забрани вршење на дејност и да преземе мерки за запечатување на објект, опрема или просторија во која се врши дејност. Запечатувањето ќе се врши со жиг и инспектор и со лента.

Прекршочната постапка, постапката за порамнување и посредување доследно е усогласена со Законот за прекршоци.

Во делот на прекршочните одредби предвидени се построги глоби и покрај паричната казна за сторените прекршоци предвидено е да се изрече мерка на безбедност одземање на предмети, средства, производи, растенија и друго што се употребени за извршување на прекршокот како и конфискација на имотот и имотна корист добиена со прекршокот.

На крајот би заклучил дека со законот за Државен инспекторат за земјоделство ќе се постигне поефикасен систем на инспекциски надзор во областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аква културата и поголем ефект во работењето на Инспекторатот во целина. Пред се во интерес и корист на сите земјоделци.

Од сите наведени причини јас ќе го подржам донесувањето на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ова е вистинскиот закон за кој зборуваме и претходните три закони, се разбира со сите укажувања на предлагачот јас сеуште останувам на ставот дека не е добро да се донесат овие 4 закони, меѓутоа, бидејќи се работи за прво читање се надевам дека барем во следните фази на носење на овој закон ќе може да се поправат грешките кои повеќе од очигледно е дека се прават.

Почитувани колеги, за жал ние нема да зборуваме за безбедноста на храна, за здравата храна, за природните ѓубрива, против генетски модифицираните организми, меѓутоа далеку ќе бидеме на овој начин и со носење на вакви закони од еко земјоделието или еколошкото производство кое што често пати знаат граѓаните да го мешаат со традиционалното производство.

Почитувани колеги, мене носење на овие закони ми личи нешто слични како носењето на закон, знаете и измените и дополонувањата во Законот за шумска полиција каде што дозволивме со измените нестручни и некомпетенти лица да можат да вршат дел од работите во шумската полиција.

Почитувани колеги, особено предлагачот, сакам да укажам дека онаа состојба која што ја имаме сега со извршената измена за извршителите во шумската полиција каде што готвачи, електротехничари, бравари, металостругари, келнери итн., можат многу подобро да вршат инспекциски надзор во шумарството отколку образовните институции отколку средните училишта во Кавадарци, Демир Хисар, "Ѓорги Димитров" во Скопје итн., кои што едуцираат кадар инженери и техничари токму за потребите на шумарството. Распишувате конкурси секој ден и примате токму такви луѓе, а шумските техничари се разбира ќе седат дома и шумарските инжинери и ќе чекаат некоја друга прилика.

За да ја скратам мојава дискусија, почитуван министер дозволете ми уште еднаш да го цитирам апелот на Здружението за заштита на растенијата во Република Македонија упатен до вас, упатен до сите пратеници, можеби ќе помогне. Можеби и ќе помогне уште еднаш да ја преиспитате вашата одлука. И дозволете ми да цитирам: "Бараме уште еднаш да го разгледате вашиот чекор за структурните промени во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и да овозможите и понатаму постоење на позицијата фитосанитарен инспектор кој понатаму ќе мора континуирано да се надоградува во оваа област како резултат на специфичноста на професијата. Всушност и поголем број на европски прописи се однесуваат на фитосанитарниот систем и бараат специфична едукација на луѓето ангажирани во него". Се надевам дека ова стручно укажување ќе биде многу посилно од сите наши укажувања како пратеници, колку и да сме неуки од оваа област. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески**: Се јавив за реплика на господинот Никола Ќуркчиев да ги исправам погрешните наводи кои за сите овие три закони заклучно со 4-тиот ги дава дека ќе се укине фитосанитарниот инспектор, фитосанитарната инспекција.

Господине Ќуркчиев, фитосанитарната инспекција не се укинува, фитосанитарната инспекција единствено се префрла од фитосанитарната управа во Државениот инспекторат за земјоделство. фитосанитарната управа не се растура како што сакавте да кажете во наводите, останува да си функционира фитосанитарната управа со сите надлежности кои ги има и понатаму. фитосанитарните инспектори продолжуваат да работат со надлежностите кои ги имаат согласно овој закон и другите закони што значи немојте да ја лажете македонската јавност дека нема повеќе да постои фитосанитарна инспекција.

Еднинствено фитосанитарната инспекција ќе биде преместена од фитосанитарната управа во Државниот инспекторат за земјоделие, со тоа што нема повеќе да има конфликт на интереси помеѓу фитосанитарната управа и фитосанитарната инспекција и фитосанитарната инспекција која за жал, морам да кажам дека доста слабо работеше во изминатиот период. Очекувам дека во следниот период ќе биде многу поефикасна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван колега, ако моите укажувања се погрешни, зошто тогаш теоеретската и стручната јавност во Република Македонија се против еден ваков чекор и против вакви структурни промени во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во чија надлежност е нашата комисија.

Почитуван колега, јас знам дека што и да беше предложено вие ќе се обидевте да го одбраните и да го пдоржите. Меѓутоа, дали ви се допаѓа состојбата во шумарството, дали ви се допаѓа состојбата во ветеринарството, зошто и тие како инспектори не влегуваат во тој дел туку само инспекторите кои се задолжени за здравје на растенијата. Теоретската јавност замолува за натамошно постоење на позицијата фитосанитарен инспектор. Јас само го цитирав нивниот апел до предлагачот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Почитуван министер, почитувани колеги, мојата дискусија ќе оди во прилог на она што ја ценам намерата на предлагачот да подобри два аспекти од досега регулираната законска материја со законот за земјоделска инспекција, а тоа е координираната одговорност на инспекторите во Министерството за земјоделие, за разлика од досегашната поделена или дисперзирана одговорност Што продуцираше одреден паралелизам во работата и своевидно самоволие на лицемерство. Ова го зборувам заради тоа Што десетина години имам работено на граничниот премин Богородица и знам многу добро како во одреден период знаеле да работат инспекторите.

И еден друг апсект што моите почитувани колеги претходно не успеаа да го вметнат во своите дискусии, а тоа е регулиранито однос или правилата на игра меѓу оној што контролира и оној што е контролиран. Значи постои добро дефиниран модел во кој оној што контролира има свој права и обврски и оној што е контролиран си има свои правила и обврски, што е новост во законот, тоа сакам да го потенцирам, заради тоа што, иако денешниот ден е убав и претпоставувам поголем дел од земјоделците дека се на своите имоти, сепак би сакал да добијат јавност одредени одредби од законот кои навистина се за пофалба, посебно во членот 5 во законот на челото на транспарентност кое вели дека во работата, Инспекторатот на барање на заинтересирани правни и физички лица меѓу кои можеме да бидеме било кој од нас, било кео физичко лице, Инспекторатот е должен да ги достави сите неопходни инфорамции кои би можеле да им бидат од корист, а кои се однесуваат на општата безбедност на крајните корисници и ризикот по животот и здравјето на луѓето и животите. Тое е поентата.

Здрајето на растенијата што е третирано во овој закон е многу битен и од друг аспект. Здрајето на животните и здравјето на луѓето.

Понатаму во делот на правата и обврските на оние што контролираат, инспекторот е должен да ги чува доверливо добиените податоци и инфорамции кои се достапни при извршувањето на работите од неговата надлежност, на начин и под услови утврдени со закон и друг пропис.

Би го потенцирал и начелото на претпазливост и пропорционалност што во работата инспекторите ги ограничува од самоволие и волунтаризам. Тоа е членот 7 став 1 кој вели - инспекторите треба да ги извршуваат должностите до степен неопходен за ефемтивно извршување на инспекциските контроли, при тоа немешакли се во активностите на физичките и правните лица. Овае многу битен аспект што онеи субјекти кои се контролирани, треба да го знаат тоа.

Кои членови, исто така ги штитат субјектите кои се подложни на контрола? Тоа е во член 9 став 4 и во членот 10 ставовите 2, 3 и 4.

Во членот 9 став 4 се вели: “во случај кога во работата на инспекторите постои судир на интереси со нивната службена должност, директорот има право да го изземе инспекторот од решавање на тој предмет и да го даде на решавање на друг инспектор”. Што е, ќе признаете, многу практична и заштитна мерка.

Во членот 10 ставовите 2, 3 и 4 се вели: “во својата работа инспекторот треба да е ефикасен, совесен, одговорен и непристрасен при вршењето на службените работи и задачи”.

Ставот 3 вели: “инспекторот е должен да ги земе во постапка пријавите и претставките од органите на Државната управа, од правните и физичките лица и здруженијата на граѓани, а во случај кога постои повреда на законите и прописите, по истите постапува согласно со закон.

Ставот 4 вели: “ инспекторот е должен да ги извести подносителите на пријавите и претставките од ставот 3”. Значи постои принцип и на реверцибилност, или она што го велиме информираност на оние кои се пријавиле или се посомневале во одредени активности.

Она што го поставија претходните дискутанти како одредена дилема, во делот на надлежностите и организација на Инспекторатот вели дека директорот на Инспекторатот е должен да се грижи, било каков квантум да е бројот на инспекторите, Македонија има, зборувам со несигурни информации, 35 инспектори. Словенија има 118 инспектори во делот на фитосанитарната заштита. Но, најбитно е стручното оспособување, а на директорот му се дава инструмент и задолжение, постојниот или потенционалниот кадар стручно да го оспособува, што исто така е законска регулатива ќто треба да ја почитуваме.

Она на што посебно сакав да се осфрнам е членот 11, во делот на н адлежностите кој исто така ни разбива одредени дилеми кои овде беа потенцирани. Меѓу другото инспекторите и фитосанитарните и останатите инспектори од земјоделие, во ставот 22 од членот 11, од надележностите, вели - мора да постапуваат и да спроведуваат препораки за добра земјоделска пракса. Инспекторот кога ќе се појави на терен не е инквизитор, не е само оној што казнува. На инспекторот со овој закон му се дава една од најбитните функции, советодавната. Значи да ги советува земјоделците, да ги советува оние кои се контролирани низ механизми во кој може оној кај кој е констатирана одредена неправилност во работата, да му се даде шанса да се поправи, или да го поништи оној наод кој се смета дека е штетен или незаконски.

Би потенцирал уште еден момент во делот на надлежностите, а тоа е во делот на производството и прометот на семенски или саден материјал. Неспорно е дека фитосанитарната контрола ќе се најде под капа и во рамктие на овој закон, но сметам дека и делот од оваа надлежност ќе ни даде за право, од фитосанитарните контролори да имаме поголема отчетност посебно во оној дел за кој Република Македонија во изминатиот период, дали децениски, дали неколку годишен, не е ни толку битно, но да се најде во ситуација да биде и депо на увозни штетни вирусни бактериски материи. Во Република Македонија се евидентирани 40 карантински штетни организми и 180 економски штетни организми.

Земјоделците од мојот крај, од Гевгелиско-Валандовскиот регион во еден поодминат период се соочуваат со еден проблем, увозен проблем е тоа. Значи тоа бил проблем на царинската фитосанитарна контрола во кој посадочнио тматеријал за виновата лоза бил нападнат од бактериски рак на коренот и луѓето после неколку годишно одгледување на виновата лоза констатираат дека имаат купено заразен со вирус посадочен материјал. Истото се случува и со застарен саден материјал за домати што мораат земјоделците и по 24 часа да го оставаат во вода за да прорти, а се тоа биле слабости на оној што контролирал.

Јас им давам шанса на овој закон. Во второто читање ќе ги нагласам сите онеи забелешки кои од технички аспект сметам дека треба да се поправат. Во целина законот е добар. И на Комисијата за земјоделие во првото читање беа потенцирани одредби, посебно членот 10 став 4 кој се повторува со членот 16, тоа мојот почитуван колега Трипуновски го беше нагл;асил и веројатно ќе биде предмет на амандман во второто читање на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Би сакал на ресорниот минситер да му обрнам внимание на уште еден момент кој веројатно ќе се најде како предмет на амандманска интервенција, во членот 11 ставот 6 во кој се води евиденција на приплоден и друг добиток, но во истовреме и надзор над работата на одобрените институции, одгледувалишта на пчелни матици. Ќе се обидеме заедно со ваша помош овие две технички несогласувања да ги дотераме и да имаме пред нас доб ар оперативен закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата за приајвени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и Законодавно правната комисија и рapравата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

1.Предлогот на законот за Државен инспекторат за земјоделство е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2.Овој заклучок заедно со стенографскит ебелешки од седницата на Собраниетѕо, да се достави до Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Законодавно правната комисија на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, за предложениот заклучок гласаа 54 пратеници, воздржани нема, против гласаа 6 пратеници.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата во моментот на гласањето.

Во салата се присутни 60 пратеници. Нема мнозинство за да може да се гласа. Потребно е уште еден пратеник за да се создадат усови за гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата има 61 пратеник.

Гласањето го повторуваме.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, за предложениот заклучок гласаа 54 пратеници, воздржани нема, против гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и на Законодавно правната комисија ви се доставени однсоно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа по Предлогот на законот да се приајват за збор.

За збор се јавија заменик министерот за економија и госпоѓа Славица грковска Лошкова.

Збор има заменик минситерот за економија, повелете.

**Методиј Хаџи Васков:** Благодарам.

Предложените дополнувања на Законот за трговија имаат две цели.

Првата цел е превенција на штетното влијание на енергетските пијалоци врз здравјето на децата. Во предложениот закон за трговија се нуди решение да има забрана за купување и продажба на енергетски пијалоци на лица под 18 години. Значи исто како што е предвидено на трговецот на мало, покрај алкохолни пјалоци и цигари, со овие дополнувања се предлага тој да не може да врши продажба односно купување на енергетски пијалоци за малолетните лица.

Втората цел заради која се носи овој закон е одложување на обврската за користење на фискален систем за регистрирање на готовинскит еплаќања на трговците на мало, се до пристапувањето на Република Македонија во Европската унија. Ова одлагање важи за сите трговци на мало на пазарите, освен за оние трговци кои се регистрирани како трговски друштва. Балгодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

Оние пратеници кои се членови на Парламентот од 2006 година наваму имале прилика да бидат сведоци на апсурдни образложенија на предлог закони кои доаѓаат од Валдата. И ова е еден од тие закони.

Имено, кога ќе го слушнете само образложението на претставникот на Владата, без да го прочитате образложението на законот,Собрание е е во ред. Државата треба да води сметка за она што е штетно за младата генерација и за децата под 18 години и до колку проценките покажуваат дека енергетските пијалоци се исто така штетни по здравјето на истите и сериозно може да придонесат за нарушување на нивната здравствена состојба, тогаш треба да се приклучат на мерката забрана за користење до 18 години, на алкохолните пијалоци. Меѓутоа, она што предизвикува неверувајње е како Владата се обидела да го образложи овој свој чекор. Имено, во образложението стои следново: “Здравствените истражувачи во неколку медицински центри во светот укажуваат дека редовното консумирање на енергетски пијалоци не предизвикуваат лошо однесување, но ги предупредуваат родителите дек анивнтие деца се со поголема веројатност да преземат ризици по нивното здравје и безбедност”.

Според мислењето на директорот на Клиниката за токсикологија во Скопје претераното или зачестено консумирање на енергетскиот пијалог Ред Бул кај возрасните лица предизвикува сериозни оштетувања на нервниот систем, а страда и срцето, додека децата никако не би треало да ја консумираат оваа напивка и т.н.

Сега јас се прашувам, ако е вакво образложението и ако ова е единствената причина заради која се носи ваквиот закон, тогаш зошто ваквите заштитни механизми за конзумирање на енергетскито пијалок, во овој случај Ред Бул не важат и за возрасните лица заради тоа што очигледно ќе го нарушуваат нивното здравје.

Зошто е одбран само Ред бул како образложение? Дали тоа не важи за останатите енергетски пијалоци, или пак станува збор за некаков договор помеѓу Владата, некој претставник на Владата, директорот на Клиниката за токсикологија и претставниците на другите енергетски пијалоци во Македонија за создавање на нелојална конкуренција и за исфрлање на енергетскиот пијалог Ред бул од продажниот систем во Република Македонија, бидејќи очигледно според образложението на Владата единствено консумирањето на Ред бул е причина за ваквиот потег на Владата. И во целата атмосфера во која што живееме во целиот начин на функционирање на оваа Влада не би не изненадило да биде ова причина заради тоа што и до сега сме биле сведоци на фаворизирање на одредени компании кои егзистираат во Република Македонија. Како што Владата ја фаворизира ОКТА и покрај очигледното загадување не само на децата под 18 години, туку и на возрасните, наспроти ЕВН кој што е исто така еден од најголемите инвеститори во Република Македонија, не би ме чудело да има некаков

договор помеѓу претставниците на останатите енергетски пијалоци во Република Македонија визави енергетскиот пијалок Ред бул, со цел за создавање нелојална конкуренција и поттикнување на продажбата на другите енергетски пијалоци. И дали ова можеби е еден од начините на собирање средства за претстојната кампања за претседателски и локални избори кога како што веќе сме биле сведоци да бидеме и претходно, претставниците на Владата не се срамат да отидат во компаниите без разлика дали се странски инвеститори, или домашни инвеститори и отворено да бараат средства за рекламирање на кампањите, а за возврат на тоа да го имаат благиот однос на Владата и на државните институции кон нивното функционирање. Затоа апелирам вакви небулозни образложенија да не добиваме веќе од страна на Владата, заради тоа што ова претставува едно од образложенијата кои што ја покажуваат вистинската слика, или вистинскиот начин на кој што функционира Владата. Се надевам дека тоа во иднина нема да се повтори не само како образложение, туку и како начин на функционирање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има заменик министерот за економија, повелете.

**Методиј Хаџи-Васков:** Благодарам.

Само накратко. Во врска со образложениeто, значи станува збор како што претходно кажав, целта на законот е превенција од сите енергетски пијалоци. Има еден пример кој што е спомнат овде, тоа значи само илустративно, бидејќи овој е еден од најпознатите производи, еден од најпознатите енергетски пијалоци кој што може да се набави на пазарот. Значи, само во таа насока е дадено ова образложение. Инаку, образложението содржи многу други работи кои што се однесуваат навистина на сите видови на енергетски пијалоци и штетноста од нив. Значи, воопшто не станува збор за изземање на еден, или на фаворизирање на некој друг производ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика, Славица Грковска Лошкова, повелете.

Со самото тоа што рековте дека вие за пример сте го зеле еден од најпопуларните, укажува на тоа дека може да има друга позадина ваквото образложение. Заради тоа што вие немате право да изземате, или да бирате конкретен пример за едно вакво законско решение. Ако има проблеми, ако сите енергетски пијалоци предизвикуваат проблеми, тогаш имате обврска како Влада во образложението, ако давате еден, тогаш да ги дадете проблемите кои што ги предизвикуваат и останатите енергетски пијалоци кои се продаваат во Република Македонија, со цел и пратениците, меѓутоа и јавноста да знае кај секој од енергетските пијалоци што е тоа што предизвикува проблеми и какви здравствени нарушувања можат да очекуваат и кај децата под 18 години и кај возрасните. На овој начин оставате простор за шпекулации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за економски прашања, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за трговија е прифатлив и може да се даде на натамошно, односно на второ читање.

Второ, овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за економски прашања и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 52 пратеници. Од гласањето се воздржаа 7 пратеници, против не гласаше ниеден пратеник.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата во моментот на гласањето.

Во салата присутни се 61 пратеник. Гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јавија заменикот министер за финансии, господинот Миле Андонов и господинот Марјанчо Николов.

Со оглед на тоа дека е време за пауза, за да нема прекин за време на говорот на заменикот министер за финансии, ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 13,55 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,09 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамадани:** Благодарам претседателе,

Заради специфичноста на условите на работење на физичките лица кои вршат трговска дејност преку продажни места на организирани зелени пазари предлагаме овие даночни обврзници данокот да го плаќаат според паушално утврден приход, односно со изменава на Законот овие даночни обврзници ќе бидат ослободени од обврската за користење на фискален апарат. Како обврска во Законот се воведува само обврската спрема трговецот кој организира зелен пазар на кој ќе се врши трговија на големо и мало и се воведува една обврска до него, до органот за јавни приходи да доставува годишен извештај за корисниците на продажни места на зелени пазари, а доколку не се придржува до оваа обврска, согласно одредбите од Законот, ќе му биде изречена глоба во износ од две до три илјади евра во денарска противвредност. Формата и содржината на образецот на овој годишен извештај се предлага во Законот да ја пропишува министерот за финансии, а се воведува паушалото оданочување на обврзниците кои вршат трговска дејност исклучиво преку продажни места на организирани зелени пазари, значи се предлага да се применува до зачленувањето односно пристапувањето на Република Македонија во членство на Европска унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани претставници на Министерството за финансии, почитувани колеги,

Министерството за финансии и Министерството за економија уште пред неколку години работеа и соработуваа со меѓународни организации и агенции за решавањето на проблемот со трговците од мал обем, тн., продавачи на тезги, односно за канализирање на таа трговија. Суштината на тие проекти беше трговијата од мал обем односно продавачите на тезги да се вклучат односно инкорпорираат во правниот и даночниот систем на државата, затоа што факт е дека овие субјекти преку нивната работа придонесуваат за нелојалната конкуренција и сивата економија. Меѓутоа, непобитен факт е дека тоа се илјадници невработени луѓе со семејства кои преку ваквата работа обезбедуваат егзистенција за себе и своите фамилии. Но конкретен проект преку овој Предлог закон не се предлага, туку со овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход се предлага несериозно, конфузно и паушално решение.

Несериозноста на овој Предлог закон најуочлива е преку членот 3, каде што стои дека паушалното оданочување на обврзникот кој врши трговска дејност исклучиво преку продажни места на организираните зелени пазари, согласно овој закон децидно стои ќе се применува до пристапувањето на Република Македонија во членството на Европска унија. Ве молам, многу земји членки на Европска унија, а најблиските се Грција, Бугарија,Романија, кандидат земја е и Хрватска, кај сите нив нема воведено фискализација на зелените пазари. Доколку се остане на одредбите на овој член 3 треба точно да се наведе од страна на предлагачот врз основа на која директива на Европска унија се повикува и кои одредби на таа директива важат за пролонгираното стапување во сила на овој закон. Во спротивно, доколку нема таква директива и одредби на Европска унија, оваа одредба на членот 3 треба да се брише или да се замени со друга одредница. Министерството за финансии тоа мора да го има предвид, со предлог и пристапувањето кон второто читање според новиот Деловник ќе мора да пристапи и на изменување на оваа одредба во овој член 3. Овде со една ваква одредба е неодговорноста на овој предлог.

Измените на овој закон ќе придонесат за уште поголемо недоразбирање и нема да се решат проблемите на луѓето што работат односно продаваат трговска стока на тезги на пазарите. Имено, во членот 1 се предвидува трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало должен е на Управата за јавни приходи да и достави годишен извештај за корисниците на продажните места на зелениот пазар. Во ваков случај трговец има само во Скопје, а тоа е АД Скопски Пазар. Во останатите градови во Република Македонија такви трговци нема, туку организатори на пазарите и зелените пазари се комуналните и јавните претпријатија.

Би било добро зборот "трговец", до второто читање Министерството за финансии да земе обврска, да го промени со зборот "организаторот", бидејќи ако остане така на тој начин може да биде пречка за имплементацијата и подржувањето на овој Предлог закон.

Ддруга работа е какви годишни извештаи ќе треба организаторите на зелените пазари да поднесуваат на крајот на годината до Управата за јавни приходи. Ова од причини што на тие пазари има и сезонски односно повремени продавачи, а има и постојани продавачи, закупци на тезги кои во текот на целата година ја обавуваат дејноста "продажба на трговски стоки" на тие пазари. Може да дојде до конфузија, до грешки и како што стои во новододадениот член 145-а, организаторите на тие пазари да бидат казнувани со казна од две до три илјади евра во денарска противвредност доколку неподнесат соодветен точен или воопшто не поднесат таков извештај до Управата за јавни приходи по истекот на годината.

Во однос на измените во членот 31 став 5 каде до сега стоеше "од мал обем", тие зборови се заменуваат со зборовите "исклучиво преку продажни места на организирани зелени пазари", сметаме дека не се решава проблемот на продавачите на тезги, бидејќи проблем со фискализација имаат токму тие продавачи на тезги на трговска стока од мал обем, а не продавачите на земјоделски производи.

Ситуацијата на пазарите знаеме каква е, таа е таква што може половина од продавачите на земјоделци производи да бидат присутни по пазарите, додека останатата половина ја претставуваат или се продавачите на други трговски стоки.

Од тие причини сметаме и предлагаме дека би било подобро да останат како во досегашното решение зборовите “од мал обем”, со ова мислам дека ќе се допрецизира односно ќе се реши проблемот на продавачите на трговски стоки и тезги.

Со вака предложените измени доколку не дојде до овие промени во второто читање, Владата нема да ја долови суштината на проблемот за продажба на тезги на стоки по пазарите, туку ова ќе остане едноставно кажано дневно политичка активност во интерес на изборите во март 2009 година, па потоа селективно со селективна примена на истиот и пак изрекување на казни за нефискализирани продажни места по пазарите, тензии, казни за организаторите и се друго видено во смисла кога не се носат решенија што ќе значат обезбедување на еднакви услови за сите учесници во прометот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници кои за жал многу малку ги има во салата, жал ми е што прво тука не е министерот за финансии, бидејќи тој беше најупорен во туркањето на претходниот концепт, дека задолжително мора да постои фискализација на зелените пазари и покрај укажувањето од наша страна дека тоа во пракса не може да се спроведе.

Но, од министерот за финансии, за жал, сме навикнати на вакви несоодветни проценки, да не речам промашувања. Сведоци сме дека во последно време “паднаа патриотските фискални каси”, сега концептот на бруто плата исто така е на искушение, затоа што се покажува дека можеби ќе има проблеми и на крајот фискализацијата на зелените пазари.

Овој проект, министерот за финансии Трајко Славески го започна во претходниот мандат на Собранието на Република Македонија, кога со измените и дополнувањата на Законот за регистсрирање на готовинските плаќања предвиде дека организаторите на зелените пазари се должни да обезбедат фискални апарати за оние кои продаваат пртоизводи на пазарите. Дури уште и тогаш, како опозиција укажувавме дека тоа не е можно. Затоа што пазарите во Република Македонија се економски простор, но се пред се простор од кои што многу граѓани преживуваат, а не остваруваат егзистенција во смисла на тоа да остваруваат приходи што знажително ќе им овозможат подобар стандард. Туку, едноставно во услови на безработица, во услови на немање можност за егзистенција, таму се одвиваат дејности што не можат така лесно да се исконтролираат и да им се наметне фискализација.

Тогаш, министерот за финансии не ги прифати овие укажувања од страна на опозицијата и упорно го буткаше тој концепт. Дојдоа вонредни парламентарни избори. Концептот мируваше, иако организаторите на зелените пазари воведоа или набавија фискални апарати.

Кога дојде време, поради големиот Буџет, Владата да се обиде, по секоја цена за 2009 година да ја воведе фискализацијата, се направи еден потез од страна на Владата, преку измени во Законот за трговија, со што се зголемија казните на одговорните лица во организаторите на зелените пазари, до таа мера да тие беа принудени да мора да ги фискализираат пазарите или да ги затворат пазарите. Замислете, се воведе казна затвор од 1 до 5 години за прекршок. Јас не сум правник, меѓутоа не знам дали има кривични дела за кои што е предвидена помала казна, а ваму се преведе прекршочна казна од 1 до 5 години затвор. Да не зборувам за денарските глоби од 13 иљади до 16 иљади евра. И, организаторите на зелените пазари беа принудени да ги затворат пазарите, затоа што луѓето кои работат на пазарите не сакаат да земат фискални апарати. И тогаш, пред крајот на годината, бидејќи се собраа многу работи, Законот за извршување, Законот за фискализација на зелените пазари, Законот за јавна чистота со што само се плаќаа казни, Владата се повлече од фискализацијата на зелените пазари и кажа односно ја послуша опозицијата дека има и друг начин како да се реши овој проблем.

И, сега се нуди еден начин како да се реши фискализацијата на зелените пазари, но колеги пратеници, нема кој да ја понесе одговорноста, затоа што повеќе од една година и пазарџиите и организаторите на зелените пазари беа под притисок постојано да мислат како ќе се фискализираат. Се покажа дека и покрај нашите укажувања, дека министерот за финансии инсистираше на фискализација. И сега, кога тоа не успеа, кога тој се повлече, требаше како морален чин да си поднесе оставка. Оваа дебата не требаше да ја водиме без негово присуство.

Тие, тогаш велеа дека на пазарот се вршат незаконски дејствија, дека има сива економија, дека има нелојална конкуренција и беа во право. Меѓутоа, начинот на кој што сакаат тоа да го спроведат, навистсина не беше соодветен и реакциите на луѓето што беа засеганати, доведоа до тоа да излезат на улица.

И овој концепт, што сега се нуди за решавање на оданочувањето на лицата кои работат на пазарите, ќе биде проблематичен. Тоа ќе го увидаст оние кои работат на зелените пазари, кога ќе им стасаат даночните пријави, врз основа на паушалното оданочување. Во таа еуфорија, кога се постигне одреден договор, требаше тие да ги конкретизираат добро работите.

Колегата Миле Андонов зборуваше за многу од нив, што ќе создадат проблеми во пракса. Во Законот за регистрирање на готовинските плаќања, доколку остварувате приход поголем од две просечни годишни плати, вие мора да земете фискален апарат. Доколку, според Законот имате и други продажни места, преку дуќан, исто така ќе мора да се земе фискален апарат. Значи, сите други, останати, кои не влегуваат во оваа категорија ќе бидат оданочени паушално и при тоа постои реална опасност нето приходот на кој што ќе им се утврдува персоналниот данок од доход да биде висок.

Ние укажаме на Министерството за финансии, на Комисијата за финансирање и буџет и тоа министерот го прифати, дека ќе се има во предвид специфичноста на организирањето на пазарите во Република Македонија. Да не се водат самао од Скопски пазар, каде што секој ден има пазар, туку да ги земат во предвид и пазарите во Велес, во Штип, во Свети Николе, во Куманово, во Прилеп, каде што нема секој ден пазар и не се остваруваат такви приходи. Туку, пазарни денови се определени денови во неделата. Тогаш се остваруваат пониски приходи и затоа оданочувањето треба да биде пониско во овој дел.

Би го запрашал заменикот министер за финансии, одредбата во која што стои дек фискализацијата на зелените пазари се одложува до пристапувањето на Република Македонија во Европска унија, по која директива од Европска унија, со која што треба да се усогласиме, е напишано ова во Законот? Дали постои обврска Република Македонија, по некоја директива на Европска унија да изврши фискализација на зелените пазари? Или тогаш Владата, не сакајќи да го признае поразот, внесе една формулација овде во Законот што дава простор до некое идно, за жал неопределено време, бидејќи не се знае кога ние ќе пристапиме кон Европска унија, со оглед на политиката што ја водиме, да има простор тој проблем да се решава.

Овој начин дава некоја можност да се реши оданочувањето на пазарџиите, но треба да бидат внимателни при утврдувањето на приходот што ќе се оданочува. На тој начин ќе се овозможи дел од сивата економија да се ограничи, бидејќи ќе се воведе некој ред на пазарите.

Но за жал, инсистирањето на Владата на еден концепт што беше погрешен и покрај тоа и укажувавме дека не може да се спроведе, доведе до една ситуација во која што имавме и реакции од пазарџиите.

И на крајот, до колегите пратеници кои го подржуваат претходниот концепт, за жал се малку во салата, треба колеги повеќе да внимавате кога нешто гласате. Не значи дека се што ќе дојде од Владата е исправно и е применливо во пракса. Со самото тоа што сега ќе го поддржите и овој концепт покажува дека брзо вашите ставови тогаш биле погрешни. Затоа апелирам до вас, во иднина читајте ги малку повеќе законите и малку повеќе внимавајте кога се дава подршка за проекти што од старт се знае дека нема да успеат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход е прифатлив и може да се даде на натамошно, односно второ читање.

Второ, овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата пред да го ставам заклучокот на гласање.

Во салата нема доволен број на пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 52 пратеника.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Може полноважно да се гласа.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 54 пратеника, воздржани гласаа 6 пратеника, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Продолжуваме понатаму.

Со оглед на материјата која што се обработува во Законот за пензиско и инвалидско осигурување по 14-та точка и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување потребно е прво да го разгледуваме Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Со оглед на тоа предлагам прво да ја разгледаме точката 15, а потоа точката 14.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Сите 59 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Со оглед на тоа прифатен е предлогот прво да се разгледува точка 15 а потоа точка 14.

**Минуваме на точката 15 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и на Законодавно правната комисија и

извештајот на Комисијата за труд и социјална политика како заинтересирано работно тело ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави г-ѓа Соња Мираковска.

**Соња Мираковска:** Благодарам г-дине претседателе и благодарам на сите за разбирањето за редоследот на овие два закона.

Предлог законот за придонеси од задолжително социјално осигурување кој во моментов е пред вас и го предложија пратениците на Нова социјал демократска партија. Го предложивме со цел сега пред започнување на реформите предвидени со овој закон да укажеме уште еднаш дека дел од одредбите ќе направат проблем, поготово во пензиско инвалидското осигурување. И затоа сметаме дека некои решенија треба да се изменат. Не би сакале само после неколку месеци од примената на законот Владата да констатира дека овој закон не е добар, актуелните проекции да покажат дека ќе се случуваат социјални потреси понатаму и само после неколку месеци да имаме измени во законот.

Она што ние во моментот го предлагаме се неколку решенија. Прво, со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување предлагаме применувањето на системот на пресметување од нето во бруто плата да се одвива постепено и на подолг временски период. Ова го проектиравме постепено во период од 4 години што сметаме дека на тој начин прво ќе има помали социјални потреси, а исто така ќе биде и помал ударот врз буџетот на Република Македонија што е многу значајно во еден ваков момент на криза.

Покрај овој систем на премин од нето во бруто плата се предлага со веќе донесениот закон и измените воглавно се однесуваат на намалување на социјалните придонеси вклучително и придонесите за пензиско и инвалидско осигурување. Но, и нешто што за нас е многу важно и што понатаму можеби ќе предизвика импликации, или ќе предизвика промени и во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а тоа е напуштањето на основот на генерациска солидарност, нешто што од моментот на реформирање на пензискиот систем во моментот кога во Македонија практично е донесена Одлука да биде тростолбно пензиското осигурување, се напушта една важна основа, а тоа е генерациската солидарност, нешто што е прифатено како традиционален пензиски систем и нешто што е прифатено пред се и од ЕУ и од земјите на Централна Европа и регионот.

Да ве потсетам, наместо генерациска солидарност во претходниот закон стои: тековно финансирање. Тековното финансирање не е основ, тоа е само принцип. Значи, не требаше да се избрише генерациската солидарност како основ, затоа што тековното финансирање, или тековната исплата би можело да се разбере понатаму финансирање на пензискиот систем од даноци, наместо придонес. Што би значело дека истите пензии нема да бидат поврзани со платите, со придонесите и со стажот, туку пензиите ќе дојдат на рамниште на социјална помош. Затоа со одредбата која ние ја предлагаме во овој закон, бараме да се врати како основ генерациската солидарност, поготово што во Законот за пензиско и инвалидско осигурување таа е темел сеуште. Значи, таму генерациската солидарност не е напуштена. Не можам ништо друго да претпоставам, дека во иднина и многу споро ќе се побара усогласување и таа солидарност која е еден од основните принципи и во Уставот ќе се напушти и во Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Понатаму, сметаме дека најниската основица за пресметување и плаќање на придонеси наместо 50% треба да се врати на старото решение. Има две причини зошто тоа во моментов го бараме. Една од причините е тоа што со зголемувањето на основицата за пресметување на придонеси на 65%, она старо решение кое беше досега, ќе се избегне нов бран на корисници на минимални пензии, со што се разбира ќе се заштитат примателите на пензии. Знаете, луѓето за во иднина најмалку размислуваат за пензиски денови, кога се потребни најповеќе пари. Во моментот имаат обврски кои треба да ги решаваат, образование на деца и многу други обврски кои треба да ги завршат. Значи законот е тој кој треба, без разлика што самите вработени се тие што се задолжени да ги плаќаат придонесите, треба да помогне за во иднина да немаме пензионери кои ќе бидат социјални случаи.

Втората причина зштo ова го бараме е намалувањето на влијанието врз буџетот на Република Македонија, намалувајќи се до платата на средствата од буџетот на Републиката, кај идните пензионери, се разбира со намалување на бројот на корисници на минимални пензии. Имено, знаете дека со конвенцијата МОТО 102, ние се обврзуваме, а тоа го имаме имплементирано и во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, на гарантирана минимална пензија. Но, тоа не значи дека сите граѓани или поголемиот дел, на Република Македонија во иднина треба да ги доведеме во таа категорија да примаат минимална пензија што прашање е дали е доволна за да можат нормално да функционираат.

Она што исто така сметаме дека треба да се врати, исто така засновано врз основа на генерациската солидарност е да ја симнеме одредбата која ја ограничува највисоката месечна основица за плаќање на придонеси на 4 просечни плати. Сметаме дека и граѓаните на Република Македонија кои имаат големи примања, колку и да смета Владата дека тоа не е голема сума, треба

да плаќаат на целиот износ на нивната плата, а не да бидат во најповластена положба во нашата држава, затоа што ако го задржиме првиот столб како генерациски солидарен столб, тогаш никогаш не се знае кому ќе му требаат тие солидарни средства, дали на семејството на оној кој уплаќа, дали дури и на семејството на тој кој има големи примања. Затоа сметаме дека оваа одредба треба да се симне и треба да плаќаат на целата сума, а не само основица да биде 4 минимални просечни плати.

Понатаму, системот кој се воведе со овој закон практично го нарушува дисбалансот помеѓу првиот и вториот столб, практично го нарушува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување затоа што на членовите на вториот пензиско столб, станува збор за една голема бројка на луѓе која секој ден се повеќе и повеќе се зголемува, над 200 илјади корисници кои доброволно до 1 јануари 2003 година учествуваа во столбот, а задолжително или со закон се задолжени од 1 јануари 2003 година.

Со намалувањето на стапката тие луѓе практично, проектираната добивка која треба понатаму и да се оплодува, ако добро се работи, средства кои треба да ги имаат на нивните сметки, ќе бидат намалени. Во една прилика на една од комисиите министерот зборуваше за тоа дека тоа се неважни 2%, но тоа не е така. Значи тие луѓе имаат проектирана пензија која треба да ја добијат. Овој систем вака набрзина донесен практично гу руши тој сооднос и го руши тој дисбаланс. Заправо тоа е и улогата на тростолбениот систем полека да се помине кон капитално пензиско осигурување. Значи во никој случај не смееме да си дозволиме одредби со кои ќе го рушиме вториот столб. Затоа ние предлагаме неколку одредби со кои практично ќе ги загарантираме уплатите во вториот пензиско фонд.

Имам уште една забелешка што сметам дека треба да се прифати. Имено со Предлог законот, затоа што интегрираната наплата во моментот ќе ја врши Управата за јавни приходи и задолжено ќе биде Министерството за финансии.

Формирана е Комисија која веќе работи, можеби е и при крај со завршувањето на обврските треба да направи премин на сопственоста од Фондот, од фондовите, а посебно во овој момент зборам за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во Управата за јавни приходи. Сметам дека не е во ред за толку краток временски период неполн месец дена една Комисија да има толкаво дискреционо право и да одлучи како сопственоста од фондовите ќе помине во Управата за јавни приходи. Затоа наш предлог е дискреционото право на таа Комисија кога се однесува за недвижностите да го одземеме затоа што во моментот она што на Управата за јавни приходи пред се и е потребно, а тоа се информациите, а тоа значи софтверот за да може да се врши таа интегрирана наплата.

Исто така во една од одредбите стои дека покрај тоа што Министерство за финансии е институција која е одговорна практично за интегрираната наплата институциите за задолжително социјално осигурување располагаат со придонесите кои се однесуваат на, мислам соглано законските намени. Сметаме дека не можеме да им дозволиме на тие институции да располагаат со средства, тоа не се нивни средства, тоа се средства на осигурениците и затоа предлогот наш е во Законот да стои дека само вршат работи доверени со определени закони од социјална област, од причини што веќе ги кажав, тоа не се средства, тоа сепак се средства на осигурениците.

Јас би ве замолила за малку повеќе внимание. За овој закон, верувам дека сте го погледнале, навистина станува збор за исклучително важни промени, не спомнав, а сакав да кажам дека Новасоцијалдемократска партија не е против бруто плата, пресметка на бруто плата, затоа што 2006 година ние бевме единствената партија во чија програма стоеше пресметка на бруто плата. Единствено сметаме дека тоа треба да се направи внимателно, дека не треба да се направи дисбаланс помеѓу столбовите, таа примена треба да се рачуна на сите демогравски случувања притоа, и затоа нашето стравување дека овој закон вака на брзина донесен, вака набрзина пренесена сопственост од фондовите ќе биде штетен. Затоа бараме подршка на нашиот предлог и се надевам дека ќе ја добиеме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е ицрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на Извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело, и Законодавно-правна комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување не е прифатлив и не може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието, да се достави до предлагачот на законот.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата пред да преминеме на гласање.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 53, воздржани нема, 6 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Пред да преминеме на точка 14 господинот Реџепи Даут, бара процедурално.

Со оглед на тоа што господинот Даут Реџепи не е повеќе во пратеничката група може согласно Деловникот да го користи правото на процедурално.

**Даут Реџепи:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, дами и господа,

Денес излегувам пред вас и пред пошироката јавност на Република Македонија со цел да се изјаснам или пак да се претставам себе си во однос на последните одвивања или пак последните теми кои станаа топ теми всушност и тоа непотребно.

Јас ќе отворам една јавна расправа или можеби една потешка тема која што мнозина овде би сакале да ја скријат односно се вртиме во круг како во албанскиот така и во македонскиот табор, се вртиме кога имаме интереси кај некои луѓе кои што се битни, се вртиме кон луѓето кои што се сервилни. Тука е дилемата на сето она што јас ќе се обидам во кратки црти да ви го објаснам вас и на пошироката јавност.

Во ова Собрание има многу луѓе или пак конкретно имаме пратеници, министри од македонскиот табор кои што биле непосредни учесници во 2001 година. За среќа сите тие се почитувани во нивните средини меѓутоа и од нивните субјекти. Имаме тогашни министри кои што бомбардирале албански населени места имаме разни раководители во разни институции кои што со еден збор би сакал да заокружам, биле инволвирани во тој конфликт. Имаме и луѓе од другиот табор, од албанскиот табор, Албанци кои што биле дел од тој конфликт ги вршеле своите должности и како последица од сето ова се постигна една спогодба или договор кој што донесе мир во Република Македонија. Ме зачудува фактот што за разлика од македонскиот блок на кои што јас им завидувам да го кажам тоа отворено, во албанските табори конкретно во двата најголеми албански субјекти се обидуваат да се ослободат од оние што врз основа на жртвувањето и нивното работење успеаа да бидат таму каде што се, во прв ред. Тука е мојата партија таа што сака да се ослободи од оваа категорија на луѓе, двојно повеќе говорат работите и јасно е дека во таборот на другиот субјект кој што е на власт се случува истото конкретно.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Друг пат ќе имате прилика, ако имате уште десетина секунди да се доискажете, нема проблем.

**Даут Реџепи:** Ќе заокружам. За тоа што е кажано, значи историјата се докажува со делат. Во семејството на мувите има и пчели, додека пак во семејството на јастребите има и такви кои што не се вредни. Жалам што досега ме претставувале колку што е можно поцрно, сите политички партии кај меѓународниот фактор и за среќа за ова ќе им се заблагодарам во иднина за сето ова што се случи, ќе се претставам и ќе се застапувам себе си и со тоа што ќе го обелоденам сето ова што се случува во последните седум години. Од сега натаму јас ќе бидам независен пратеник, кој што ќе ги штити интересите на мојот ректорат и на оние кои што ме изгласале. Благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Инаку дека вие сте независен пратеник ќе имаме и на писмено добиено и од претходната ваша партија Демократската партија на Албанците и јас вас лично, но без оглед на тоа ви самите на говорница кажавте дека од сега понатаму како независен пратеник ќе ги застапувате интересите на вашиот лекторат.

Продолжуваме понатаму.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Прво читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам господине претседателе.

Овој предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување практично го предлагаме за усогласување со цел да извршиме усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси, за задолжително социјално осигурување. Станува збор за една одредба, станува збор на упад на норма. Со предложената измена сметавме дека ќе се избегне двојно и различно регулирање на иста материја во два различни закони, а воедно ќе се постигне обезбедување на ризикот за намалување на акумулираните средства.

Измената на членот 132 ќе значи задржување на истиот процент од 7% кој ќе се одвојува од вкупните придонеси за вториот столб и ќе се сочува висината на пензијата која како таква е проектирана во времето кога тие лица се зачлениле со актуерски претпоставки и параметри кои содејствуваат на уплати од 7% од платата. Истовремено со промена на оваа одредба на овој начин сметаме дека ќе се обезбеди уставност на одредбата во смисла на промена на условите при зачленување и влез во двостолбениот пензиски систем и еднаков третман на сите генерации, сегашни, идни, на осигуреници и пензиониери во севкупниот пензиски систем. Благодарам. Очекувам подршка се разбира, но без малку станува беспредметно затоа што претходниот закон нема да оди на понатамошно читање, но

сметам дека ако оваа одредба во секој случај ја решите да ја прифатите, ќе ви ја прочитама гласи: “определувањето на висинината на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување се врши согласно одредбите на Законот за придонеси”.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колеги за тишина да си слушнеме колешката. Кому не му се слуша може да излезе надвор, повелете.

**Соња Мираковска:** Сакам да ии кажам на колегите без разлика дали претходниот закон не е прифатен ова одредба која ние ја предлагаме и на сегашниот постоечки закон ќе биде многу во функција отколку постоечката, затоа што гласи: - определувањето на висината на придонесот за задолжително пензиско инфалиддко осигурување се врши согласно одредбите со законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. значи упатуваме ова да биде регулирано со Законот за задолжително осигурување. Сметаме дека во иднина нема да имаме потреба да се надвикуваме кога нешто сакаме да кажеме во Парламентот. Ви благодарам претседателе.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам и јас.

Јас сепак се извинувам во името на колегите.

Продолжуваме понатаму.

Бидејќи е ицрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на Извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување не е прифатлив и не може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието, да се достави до предлагачот на законот.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 54, воздржани нема, 6 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен констатирам дека 43-тата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

За утре има закажана нова 44-та седница во 11,00 часот.

Благодарам.

(Седницата заврши во 16,06 часот)